1830
2
Službeni vesnik SR
Makedonije
91001 Skopje
fah 51

СЛУЖ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА Ф

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски словенечки, македонски албански и унгарски јазик — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802 603 1125

Четврток, 27 септември 1973
БЕЛГРАД
БРОЈ 51 ГОД. XXIX

Цена на овој број е 12 динари. — Претплатата за 1973 година изнесува 270 динари — Редакција улица Јована Ристића бр 1 Пошт фах 226 — Телефони централа 650 155 Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732. Комерцијален сектор 651 671; телекс 11256

700.

Врз основа на член 65 став 2 од Законот за банките и за кредитното и банкарското работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/71, 71/72 и 40/73), Сојузниот извршен совет донесува

УРЕДБА

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА УРЕДБАТА ЗА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ДАВАЊЕ ПОТРОШУВАЧКИ КРЕДИТИ

Член 1

Во Уредбата за општите услови за давање потрошувачки кредити („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72) во член 1 став 2 по зборот: „книги" се додаваат запирка и зборовите: „за купување на зимница во времето од 1 август до 1 декември".

Член 2

Во член 5 став 1 на крајот се додаваат запирка и зборовите: „освен на книги од увозно потекло на јазиците на народностите".

Член 3

Во член 7 став 2 по зборовите: „за купување на јаглен" се додаваат запирка и зборовите: „за купување на зимница".

Член 4

Во член 9 став 2 зборовите: „од војните" се бришат.

Член 5

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 270
19 септември 1973 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Џемал Биедиќ, с. р.

701.

Врз основа на член 165 од Законот за сојузната управа („Службен лист на СФРЈ", бр. 7/65), Сојузниот извршен совет донесува

УРЕДБА

ЗА КАНЦЕЛАРИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА И НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Член 1

Со оваа уредба се утврдуваат организацијата на работата и правилата на постапувањето во канцелариското работење на сојузните органи на управата и на сојузните организации.

Одредбите на оваа уредба се однесуваат и на организацијата на работата и правилата на постапувањето во канцелариското работење на стручните служби на Сојузниот извршен совет.

На канцелариското работење на Сојузниот секретаријат за народна одбрана одредбите на оваа уредба се применуваат доколку сојузниот секретар за народна одбрана одредените прашања на канцелариското работење не ги регулира поинаку со посебен акт во согласност со начелата на оваа уредба.

Член 2

Канцелариското работење опфаќа: примање и прегледување на поштата, заведување на актите, доставување на актите во работа, административно-техничко обработување на актите, експедирање на поштата, разведување на актите и нивно ставање во архива (архивирање), како и чување на актите.

Во канцелариското работење акт е секој напишан состав со кој се поведува, дополнува, менува, прекинува или се завршува некоја службена дејност.

Актите можат да бидат обични, доверливи и строго доверливи.

Ако со посебен пропис не е одредено поинаку, старешината на сојузниот орган на управата односно на сојузната организација од која актот потекнува, одредува кој акт се смета како доверлив односно строго доверлив. Старешината на сојузниот орган на управата односно на сојузната организација, заради обезбедување на доверливоста на актот, може да бара и посебен начин на ракување со поодделни доверливи односно строго доверливи акти.

Член 3

Канцелариските работи во сојузните органи на управата и во сојузните организации се вршат, по правило, во посебна организациона единица — писарница. Со работата на писарницата непосредно раководи одредениот работник и тој е одговорен за правилната работа на писарницата.

Кај сојузниот орган на управата односно кај сојузната организација во која канцелариското работење е од помал обем, работите на писарницата може да ги врши одредениот работник покрај другите работи.

Член 4

Приемот на поштата кај сојузниот орган на управата и кај сојузната организација се врши, по правило, во писарницата од страна на одредениот работник.

По исклучок, за внатрешните организациони единици, што водат посебни деловодници (член 8 став 2), старешината на сојузниот орган на управата односно на сојузната организација може да одреди поштата што им се доставува на тие единици да се прима во нивните посебни писарници.

Поштата може да ја прима само работникот во сојузниот орган на управата односно во сојузната организација што за тоа е одреден.

Член 5

Обичната пошта ја отвора одредениот работник во писарницата, а доверливата и строго доверливата пошта работникот во сојузниот орган на управата односно во сојузната организација кого за тоа ќе го овласти старешината на сојузниот орган на управата односно на сојузната организација.

Поштата од итна природа примена по редовното работно време ја отвора работникот на дежурство. Ако таквата пошта е од доверлива природа, работникот на дежурство ја отвора само ако за тоа е овластен. Ако работникот на дежурство не е овластен да ја отвора поштата од итна природа, по најкус пат тој ќе му ја достави на лицето што е овластено да ја отвори односно по неа да постапува.

Член 6

Примената пошта ја распоредува на внатрешните организациони единици во сојузниот орган на управата односно во сојузната организација, по правило, работникот што ја отвора поштата. По исклучок, старешината на сојузниот орган на управата односно на сојузната организација може да одреди распоредувањето на поштата, постојано или повремено, да го врши и друг работник.

Член 7

Сојузните органи на управата и сојузните организации се должни да водат уредна евиденција за сите примени односно сопствени акти.

Основна книга за водење на евиденцијата за актите е деловодникот. За поодделни видови акти можат да се водат посебно пропишани евиденции (уписници и др.).

Деловодникот се води по системот на основни броеви и подброеви. Со основниот број се означува предметот, а со подброевите се означуваат актите што се однесуваат на предметот.

Член 8

Сојузниот орган на управата односно сојузната организација води, по правило, само еден деловодник.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, поодделни внатрешни организациони единици во сојузниот орган на управата односно во сојузната организација можат да водат посебни деловодници, ако е тоа предвидено со прописите за нивната организација и за начинот на работата.

За доверливата односно строго доверливата пошта се води посебен доверлив односно строго доверлив деловодник.

Сојузниот орган на управата односно сојузната организација со свое решение го одредува постапувањето со доверливите односно строго доверливите акти.

Член 9

Покрај деловодникот, сојузните органи на управата и сојузните организации, заради полесно и побрзо ракување со актите, водат и помошни книги за евиденција, како што се: регистар, интерна доставна книга, доставна книга за пошта, итн.

Член 10

Сите акти мораат истиот ден кога се примени да се заведат во деловодникот и во другите пропишани книги за евиденција и да им се достават во работа на внатрешните организациони единици во сојузниот орган на управата односно во сојузната организација.

Член 11

Решените предмети внатрешните организациони единици во сојузниот орган на управата односно во сојузната организација се должни да ѝ ги вратат на писарницата без одлагање со потребно упатство за работата на писарницата (експедирање, држење во роковник, ставање во архива и сл.).

Член 12

Експедирањето на поштата се врши преку централната експедициона служба на Сервисот за административни и сметководствени работи на сојузните органи таму каде што таа служба е организирана, или преку писарницата на сојузниот орган на управата односно на сојузната организација.

По исклучок, внатрешните организациони единици во сојузниот орган на управата односно во сојузната организација што водат посебен деловодник можат поштата да ја експедираат преку својата посебна писарница.

Сета пошта примена во текот на денот за експедирање писарницата е должна да ја експедира истиот ден. Поштата примена по заклучувањето на експедиционите книги, ако не е итна, ќе се експедира следниот работен ден.

Член 13

Решените предмети се ставаат во архива, што се наоѓа во составот на писарницата и во неа се чуваат до предавањето на Архивот на Југославија.

Внатрешните организациони единици што водат посебни деловници (член 8 став 2) свршените предмети можат да ги држат во својата писарница најдолго две години, по кој рок се должни тие предмети, заедно со соодветните деловодници и со другите помошни книги, да ѝ ги предадат на понатамошно чување на архивата на централната писарница. За држење на свршените предмети подолго од две години во посебни писарници на поодделни внатрешни организациони единици е потребно посебно одобрение на старешината на сојузниот орган на управата односно на сојузната организација.

Член 14

Свршените предмети се ставаат во архивата и се средуваат по архивските знакови со излачување на регистратурскиот материјал врз основа на листата на категориите на регистратурскиот материјал со роковите за нивното чување.

Архивскиот знак се состои од ознака на внатрешната организациона единица што го решила предметот и од ознака на групата работи во која предметот спаѓа според својата содржина.

Планот на архивските знакови на почетокот на секоја година го утврдува старешината на сојузниот орган на управата односно на сојузната организација.

Архивските знакови не можат да се менуваат во текот на годината, но можат да се додаваат нови, ако тоа го бараат промените настанати во организацијата или надлежноста на сојузниот орган на управата односно на сојузната организација.

Член 15

Доверливите и строго доверливите акти се чуваат одвоено од обичните акти, и тоа на начинот што обезбедува чување на нивната доверливост.

Ако сојузниот орган на управата односно сојузната организација има помал број доверливи односно строго доверливи акти, нивното ставање во архива. и чувањето може да се врши по броевите на деловодникот наместо по архивските знакови.

Член 16

Актите на сојузните органи на управата и на сојузните организации со кои се врши службено допишување мораат да содржат: заглавје, назив и адреса на примателот, кратко назначување на содржината на актот (предмет), текст на актот, отпечаток на службениот печат и потпис на овластеното службено лице.

Член 17

Во текот на работното време службените акти и другите материјали не смеат да се оставаат без надзор.

По завршетокот на работното време, актите и другите материјали печатите, жиговите и штембилите, канцеларискиот прибор и др. се држат заклучени во масите, орманите или во работните простории во кои се наполно обезбедени.

Член 18

За печатите, штембилите и жиговите што ги употребуваат сојузните органи на управата и сојузните организации се води посебна евиденција.

Со печатите, штембилите и жиговите ракува работникот што за тоа ќе го овласти старешината на сојузниот орган на управата односно на сојузната организација.

Член 19

Сојузните органи на управата и сојузните организации, заради осовременување на работењето со актите по пат на примена на нови методи и технички средства на работата, можат да воведат и канцелариско работење што се засновува врз единствена класификација на предметите (актите) според материјата и картотеката на предметите како основна евиденција.

Сојузните органи на управата и сојузните организации што ќе воведат систем на работење со актите од став 1 на овој член, мораат да обезбедат основната евиденција за предметите и актите како минимум на податоци да содржи: класификационен знак од класификацијата на актите и предметите според материјата, податоци за испраќачот и за примателот (презиме и име, адреса и сл.), податоци за тоа каде се наоѓа предметот односно актот во текот на обработката до архивирањето, како и податоци од кои може да се утврди рокот и начинот на решавањето во управната постапка.

Член 20

За унапредувањето на канцелариското работење во сојузните органи на управата и во сојузните организации се грижат Сојузниот секретаријат за правосудни и општи управни работи и сојузните органи на управата и сојузните организации во рамките на својата надлежност.

Сојузниот секретаријат за правосудни и општи управни работи е овластен со поодделни сојузни органи на управата и сојузни организации спогодбено да решава за прашањата на преминувањето на системот на канцелариското работење во смисла на член 19 на оваа уредба.

Член 21

Се овластува Сојузниот секретаријат за правосудни и општи управни работи со упатство да ги пропише поблиските правила за организацијата и начинот на канцелариското работење (за обликот, содржината и начинот на водењето на деловодникот, за составните делови на актите, за начинот на изработката на актите, за препишувањето на актите, за подготвувањето на актите за потпис и др.).

Одредените прашања на административното работење што се во непосредна врска со канцелариското работење (распоредот на работните простории, редот во работните простории, приемот на странки, дежурството, употребата на телефони, стручната библиотека и сл.) ќе ги регулираат сојузните органи на управата и сојузните организации со свои општи акти во рамките на својот делокруг.

Член 22

За спроведувањето на оваа уредба ќе се грижи Сојузниот секретаријат за правосудни и општи управни работи.

Член 23

Со денот на влегувањето во сила на оваа уредба престанува да важи Уредбата за канцелариското работење („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 50/57).

Член 24

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Р. п. бр. 271
6 септември 1973 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Џемал Биедиќ, с. р.

702.

Врз основа на член 3 од Законот за извршување на Буџетот на федерацијата за 1973 година („Службен лист на СФРЈ“, бр. 71/72), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ОБВРЗНИЦИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ИЗДАДЕНИ СПОРЕД ЧЛЕН 3 СТ. 2 И 3 НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА 1973 ГОДИНА

1. Обврзниците на федерацијата издадени врз основа на член 3 став 2 на Законот за извршување на Буџетот на федерацијата за 1973 година за покритие на ненамирените обврски за 1973 година во износ од 1.900,000.000 динари и врз основа на член 3 став 3 на тој закон во износ од 300,000.000 динари, Југословенската народна армија, стопански недоволно развиените републики и Социјалистичка Автономна Покраина Косово ќе ги користат во 1973 година како средство за плаќање. Овие обврзници се должни, во смисла на одредбата на член 3 став 4 на Законот за извршување на Буџетот на федерацијата за 1973 година, да ги примаат сите корисници на општествени средства.

2. Корисниците на општествени средства што располагаат со обврзниците од точка 1 на оваа одлука можат тие обврзници во 1973, 1974 и 1975 година да ги користат:

1) за плаќање царина и други увозни давачки;

2) за гарантни износи во смисла на Законот за депонирање гарантни износи за инвестиции во основни средства („Службен лист на СФРЈ“, бр. 19/65 и 10/70).

3. За плаќање царина и други увозни давачки обврзниците можат да се користат во номиналната вредност.

4. Федерацијата, републиките и автономните покраини можат обврзниците примени по основите од точка 2 на оваа одлука да ги користат како средства на резервата.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Р. п. бр. 267
19 септември 1973 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Џемал Биедиќ, с. р.

703.

Врз основа на член 25 став 1 и член 32 став 1 точка 1 од Основниот закон за општествените стоковни резерви („Службен лист на СФРЈ", бр. 40/68), на предлог од Советот на Сојузната дирекција за резерви на индустриски производи, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА НА ИЗГРАДБАТА НА СКЛАДИШЕН ПРОСТОР ЗА СМЕСТУВАЊЕ НА ПОСТОЈАНИ И НА ПАЗАРНИ СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ НА ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ ВО 1973 ГОДИНА

1. Се утврдува Програмата на изградбата на складишен простор за сместување на постојани и на пазарни стоковни резерви на индустриски производи во 1973 година, што ја врши Сојузната дирекција за резерви на индустриски производи, во вредност од 40,000.000 динари.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 269
19 септември 1973 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Џемал Биедиќ, с. р.

704.

Врз основа на член 31 став 1 во врска со член 23 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ" бр. 25/72 и 35/72), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА НАЧИНОТ НА ФОРМИРАЊЕТО НА ЦЕНИТЕ ЗА ПРОИЗВОДИТЕ И УСЛУГИТЕ НА ГРАДЕЖНИШТВОТО

1. Цените за производите и услугите на градежништвото, вклучувајќи ги и цените за типските станови што се произведуваат за пазарот, се формираат, во смисла на Одлуката за максимирање на цените на сите производи и услуги („Службен лист на СФРЈ", бр. 53/71, 6/72, 8/72, 11/72. 12/72, 17/72, 19/72, 24/72, 26/72, 28/72, 30/72, 31/72, 35/72, 38/72, 54/72 и 60/72) и Одлуката за максимирање на цените на сите производи и услуги („Службен лист на СФРЈ", бр. 8/73, 17/73, 21/73, 23/73 и 25/73), на нивото на цените што постоело на 26 ноември 1971 година.

По исклучок од одредбата на став 1 на оваа точка, цените за производите и услугите во градежништвото што се произведуваат односно се вршат според специјални технички услови и спецификации на купувачите, врз основа на индивидуално договорени порачки и јавни лицитации, како и врз основа на кооперациски работи по долгорочни договори за репродукциона и инвестициона потрошувачка, се формираат, во смисла на Одлуката за максимирање на цените на сите производи и услуги и Одлуката за максимирање на цените на сите производи и услуги, до 13 февруари 1973 година, според условите на пазарот, а почнувајќи од 14 февруари 1973 година — на нивото на цените што постоело на 31 декември 1972 година.

2. Цените за производите и услугите на градежништвото, вклучувајќи ги и цените за типските станови што се произведуваат за пазарот, од надлежноста на републиките, автономните покраини и општините, остануваат, во смисла на Одлуката за начинот на формирањето на цените на производите и услугите („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/73), под непосредна општествена контрола на цените како максимирани цени, додека надлежните органи на тие општествено-политички заедници со свој пропис не го одредат начинот на формирањето односно на менувањето на тие цени.

По исклучок од одредбата на став 1 на оваа точка, цените за производите и услугите на градежништвото што се произведуваат односно се вршат според специјални технички услови и спецификации на купувачите, врз основа на индивидуално договорени порачки и јавни лицитации, како и врз основа на кооперациски работи по долгорочни договори за репродукциона и инвестициона потрошувачка, можат да се формираат според условите на пазарот.

3. За типските станови што се произведуваат за пазарот а до 26 ноември 1971 година не се исплатени по конечната пресметка, цената што постоела на 26 ноември 1971 година може да се наголеми и за износот договорен по основ на лизгавата скала, но само до нивото на наголемувањето на цените што, согласно со важечките прописи, настанале по 26 ноември 1971 година за поодделни производи, услуги, комуналии, придонеси и сл., и тоа сразмерно со нивното учество во цената на станот.

Цената на станот не може да се наголеми со примена на лизгавата скала за период по рокот предвиден со договорот за завршување на изградбата и за предавањето на станот на купувачот, ако тој рок е пречекорен со кривица на производителот на станот.

Ако цената на станот е утврдена со примена на договорната лизгава скала, производителот на станот ќе му признае на купувачот пазарна камата на делот на цената на станот што купувачот во готово однапред му го платил на производителот на станот.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 272
19 септември 1973 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Џемал Биедиќ, с. р.

705.

Врз основа на член 20 став 2 од Законот за Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/65, 49/66, 5/67, 54/67, 9/68, 22/68, 30/68. 17/69. 27/69, 52/69, 22/70, 25/70, 58/71, 63/72 и 71/72), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ИЗМЕНА НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЦАРИНСКИОТ КОНТИНГЕНТ ЗА УВОЗ НА СТОКИ СПОРЕД ЛИСТАТА „Д" НА ДОПОЛНИТЕЛНИОТ ПРОТОКОЛ КОН СПОГОДБАТА ЗА ЛОКАЛНА РАЗМЕНА ПОМЕЃУ ПОГРАНИЧНИТЕ ЗОНИ БУЕ, КОПЕР, СЕЖАНА, НОВА ГОРИЦА И ТРСТ

1. Во Решението за царинскиот контингент за увоз на стоки според листата „Д" на Дополнителниот протокол кон Спогодбата за локална размена помеѓу пограничните зони Буе, Копер, Сежана, Нова Горица и Трст („Службен лист на СФРЈ", бр. 20/73) во точка 1 тар. број 84 60 се менува и гласи:

„64.60	Леарски кутии за леарници на метали	
	Ех.	
	Калапи за метали и за пластични производи	7,17".

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1973 година.

Р. п. бр. 268
19 септември 1973 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Џемал Биедиќ, с. р.

706.

Врз основа на член 6 ст. 1 и 4 од Законот за техничките нормативи („Службен лист на СФРЈ", бр 12/65, 55/69 и 13/73), во согласност со сојузниот секретар за труд и социјална политика, сојузниот секретар за стопанство пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ТЕХНИЧКИТЕ НОРМАТИВИ ЗА ИЗГРАДБА НА НАДЗЕМНИ ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ ВОДОВИ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се одредуваат техничките нормативи за изградба на надземни електроенергетски водови што служат за пренос и развод на електрична енергија, како и за изградба на куќни приклучоци.

Одредбите од овој правилник не се применуваат врз контактни водови за електрична влеча, врз надземни кабли и водови за инсталации со распон под 20 m, на отворено, но се однесуваат на куќни приклучоци и ако распонот им е помал од 20 m.

Член 2

Врз изградбата на надземни електроенергетски водови и куќни приклучоци се применуваат и другите важечки технички прописи и важечки југословенски стандарди, ако со одредбите на овој правилник не е предвидено поинаку.

Член 3

Одредбите од овој правилник не се применуваат врз изградени електроенергетски водови.

Член 4

Подолу наведените изрази употребени во овој правилник, ги имаат следните значења, и тоа:

1) *вод* е собирот на сите делови што служат за надземно водење на спроводници што ја пренесуваат и разведуваат електричната енергија, со кој се опфатени: спроводниците, заштитните јажиња, земјоводите, заземјувачите, изолаторите носачите, конзолите, столбовите и темелите;

2) *нисконапонски вод* е водот чиј називен напон не преминува 1000 V;

3) *високонапонски вод е* водот чиј називен напон преминува 1000 V;

4) *називен напон* е напонот спрема кој водот е димензиониран, граден и наречен (југословенски стандард JUS N.A2 001);

5) *максимален погонски напон* е вредноста на напонот помеѓу фазните спроводници, која во нормалниот погон не смее да биде пречекорена (југословенски стандард JUS N. A2.001);

6) *спроводници* се жиците и јажињата што служат за спроведување струја;

7) *заштитно јаже* е заземјената жица или јажето што служи за заштита од атмосферски пренапони;

8) *сигурносно јаже* е заземјеното јаже што служи за заштита од допир со друг вод;

9) *фактичен пресек на жица* е нејзиниот геометриски пресек, а фактичен пресек на јаже е збирот на геометриските пресеци на сите жици во јажето, без оглед дали жиците се од ист или од различен материјал;

10) *затежна цврстина на жица* е најмалото напрегање при кое доаѓа до прекинување на жицата. Вредностите на затежната цврстина мораат да бидат во согласност со вредностите на затежната цврстина пред појажување, а кои се наведени во соодветните важечки југословенски стандарди;

11) *сила на кинење* е 95% сметковна сила на кинењето за еднометално јаже, а 90% сметковна сила на кинењето за двометално јаже Сметковната сила на кинењето е дефинирана со соодветните важечки југословенски стандарди. Прекинската цврстина се пресметува од така дефинираната сила на кинењето и од пресекот на јажето;

12) *максимално работно напрегање* на спроводник односно на заштитно јаже е избраната сметковна вредност што хоризонталната компонента на затежната цврстина ја постига на —5°C при нормално додадено оптоварување, или на —20°C без додатно оптоварување;

13) *нормално дозволено напрегање* на спроводник односно на заштитно јаже е напрегањето кое не смее да се пречекори под нормални услови, т.е. на —5°C при нормално додадено оптоварување и на —20°C без додатно оптоварување, а се однесува на хоризонтална компонента на напрегање;

14) *исклучително дозволено напрегање* на спроводник односно на заштитно јаже е напрегањето кое не смее да се пречекори под исклучителни услови, т. е. на —5°C при исклучително додатно оптоварување, а се однесува на напрегањето во точката на обесувањето;

15) *сила на затегање* на спроводник односно на заштитно јаже е производот на фактичниот пресек и на максималното работно напрегање;

16) *додатно оптоварување* е оптоварувањето на спроводник односно на заштитно јаже, кое доаѓа од сињак, мраз или снег, а дејствува вертикално надолу и ѝ се додава на тежината на спроводникот односно на заштитното јаже;

17) *тежина* на спроводник односно на заштитно јаже (со додатното оптоварување или без него) која ја оптоварува точката на обесувањето е производот на единичната тежина на спроводникот односно на заштитното јаже по метар (со додатното оптоварување или без него) и на гравитациониот распон во метри. Како гравитационен распон се подразбира оддалеченоста од најниската точка на синџирницата од едната страна на столбот до најниската точка на синџирницата од другата страна на столбот;

18) *уклон* на спроводник односно на заштитно јаже е вертикалното растојание од правата што ги спојува точките на обесувањето до спроводникот односно до заштитното јаже, и тоа мерено во средината на распонот;

19) *распон* е хоризонталното растојание помеѓу два соседни столба;

20) *затежно поле* е дел од водот кој се наоѓа помеѓу два соседни затежни столба;

21) *преоден распон* е распонот кој минува преку некој објект наведен во глава VIII на овој правилник;

22) *соседен распон* е распонот кој се наоѓа непосредно до преодниот распон;

23) *преодно поле* е затежното поле кое минува преку некој објект наведен во глава VIII на овој правилник;

24) *соседно поле* е затеженото поле што се наоѓа непосредно до преодното поле;

25) *засилена механичка сигурност* е засилената сигурност на водот постигната со изолација која во механички поглед е посилно димензионирана;

26) *засилена електрична сигурност* е засилената сигурност на водот постигната со изолација која во електричен поглед е посилно димензионирана;

27) *сигурносно растојание* е најмалото дозволено растојание помеѓу деловите под напон односно помеѓу делот под напон и заземјениот дел на водот,

28) *сигурносна височина* е најмалата дозволена вертикална оддалеченост на спроводникот односно на деловите под напон од земјата или од некој објект на земјата при уклон на +40°C односно на —5°C со нормално додатно оптоварување без ветар.

За спроводници на високонапонски водови, за кои се предвидува дека преку лето во нормален погон можат да имаат високо специфично струјно оптоварување, се препорачува сметање за температурата на спроводниците +60°C;

29) *сигурносна оддалеченост* е најмалата дозволена оддалеченост на спроводник (во кој и да е правец) односно на делови под напон од земјата или од некој објект на земјата при уклон на +40°C и при оптоварување од ветар од нула до полн износ.

За спроводници на високонапонски водови, за кои се предвидува дека во нормален погон можат да имаат високо специфично струјно оптоварување, се препорачува сметање за температурата на спроводниците +60°C;

30) *столб* е која и да било конструкција која служи за носење на изолатори, на спроводници и на заштитни јажиња (на пример: столб, ѕидна конзола, носач и сл.);

31) *носечки столб* е столбот кој служи за носење на спроводници и на затежни јажиња;

32) *затежен столбот* е столбот кој служи за затегање на спроводници и на заштитни јажиња;

33) *нормален случај* на оптоварување на стлоб е случајот кој настанува кога сите делови на водот се неоштетени;

34) *извонреден случај* на оптоварување на столб е случајот кој настанува кога еден спроводник или едно заштитно јаже од една страна на столбот е прекинато;

35) *заземјување* е електричното спроводно спојување на одделни делови од вод со земјата;

36) *отпор на заземјување* е збирот на отпорот на распростирањето на заземјувачот и на отпорот на земјоводот;

37) *отпор на распростирање* на заземјувачот е отпорот на земјата помеѓу заземјувачот и референтната земја. Како референтна земја се подразбира подрачјето на земјиштето, а особено неговата површина, кое од припаѓачкиот заземјувач е толку оддалечено што помеѓу кои и да било точки на тоа подрачје да не се појавуваат позначајни потенцијални разлики.

II. КЛИМАТСКИ УСЛОВИ

1. Температура

Член 5

Спроводниците и заштитните јажиња се пресметуваат под претпоставка дека е:

1) минималната температура	—20°C
2) максималната температура	+40°C
3) температурата при која има додатно оптоварување на вод	— 5°C

2. Додатно оптоварување

Член 6

При пресметувањето на спроводниците и на заштитните јажиња се претпоставува дека на нив се создава додатно оптоварување од сињак, мраз или снег.

Се смета дека додатното оптоварување дејствува вертикално надолу и тоа ѝ се додава на тежината на спроводникот односно на заштитното јаже.

Член 7

За нормално додатно оптоварување се зема најголемото додатно оптоварување што на односното место се појавува просечно секои 5 години, но во секој случај не помалку од

$$g = 0{,}18 \sqrt{d} \text{ kp/m},$$

каде што е d = пречник на спроводникот односно на заштитното јаже во милиметри.

За оценување на додатното оптоварување кое се зема при пресметувањето на водот, служат податоците собрани од хидрометеоролошката служба, искуствата стечени на постојните надземни водови и телекомуникациони линии долж проектираната траса, известувањата од месното население, оштетувањата на дрвјата и слично. По правило, треба да се смета со следните вредности за нормалното додатно оптоварување:

1,0 × g
1,6 × g
2,5 × g
4,0 × g.

Член 8

За исклучително додатно оптоварување се зема најголемото додатно оптоварување што на односното место се појавува просечно секои 20 години, но не помалку од двојната тежина на нормалното додатно оптоварување од член 7 на овој правилник.

Член 9

Ако на водот или на дел од неговата траса резултантата од притисокот на ветрот и од тежината на незамрзнат спроводник односно заштитно јаже е поголема од тежината на спроводникот односно на заштитното јаже со исклучителното додатно оптоварување, треба да се зема во сметка, како исклучително додатно оптоварување, таа поголема вредност.

3. Ветар

Член 10

Оптоварувањето од ветрот се зема како производ на површината на објектот, на притисокот на ветрот, на коефициентот на дејството на ветрот и на синусот на нападниот агол. При тоа, се зема правецот на ветрот водорамнио, а оптоварувањето од ветрот вертикално на нападнатата површина.

Член 11

При утврдувањето на дејството на ветрот, за површина на објектот се зема фактичната незамрзната површина нападната од ветрот, а за цилиндрични објекти — проекцијата на незамрзнатата површина. За решеткави столбови се земаат само површините свртени спрема ветрот.

Член 12

Притисокот на ветрот се пресметува според следниот образец:

$$p = \frac{v^2}{16} \quad \text{kp/m}^2,$$

каде што е v = максимална брзина на ветрот (m/s) која на тој потег на трасата се појавува просечно секои 5 години, а за водови со напон 380 kV — и во подолг временски период. Таа брзина на ветрот треба да се одреди врз основа на мерење, применувајќи ја признаената статистичка обработка на мерните податоци. Во недостиг на доволен број мерни податоци, брзината на ветрот треба да се процени со користење на расположивите податоци.

Вака одредениот притисок на ветрот се применува за основната височинска зона од 0 до 40 m над земјата, и не може да биде помал од 60 kp/m² односно 50 kp/m². Добиените вредности за p треба да се зголемат до првата поголема вредност од следниот ред:

60, 75, 90, 110, 130 kp/m²

На деловите што се наоѓаат во зоната помеѓу 40 и 80 m над земјата треба да се земат зголемените вредности на притисокот на ветрот според таблица 1.

Таблица 1

Височинска зона на водот	Притисок на ветрот kp/m²				
Основна височинска зона од 0 до 40 m над земјата	60	75	90	110	130
Делови на вод во зоната помеѓу 40 и 80 m над земјата	75	90	110	130	150
Водови до 15 m над земјата	50	60	75	90	110

За притисокот на ветрот врз спроводниците односно врз заштитните јажиња е меродавна височината на нивната точка на обесувањето во стегалката на односниот столб. На премините преку големи делови треба да се земат предвид посебните услови на струењето на воздухот.

Член 13

Коефициентот на дејството на ветрот ги зема предвид дејството на ветрот на притисок и шмукање, дејството на ветрот врз задната страна на решеткава конструкција, како и намалувањето на дејството на ветрот врз спроводниците и заштитните јажиња поради тоа што максималниот притисок никогаш не се јавува истовремено долж целиот распон.

Коефициентите на дејството на ветрот за одделни делови од вод се:

1) за столбови со четириаголен пресек — — 1,4
2) за столбови со шестаголен или осумаголен пресек — — — — — — — — — — — 1,0
3) за столбови со тркалезен пресек — — — 0,7
4) за двојни столбови со четириаголен пресек, за ветрот во правец на рамнината која минува низ двете оски на столбовите (ако растојанието на оските е помало од двојната страна на пресекот) — — — — — 2,0
5) за двојни столбови со тркалезен пресек за ветрот во правец на рамнината која минува низ оските на столбовите (ако растојанието на оската е помало од двојниот пречник) — — — — — — — — — — 1,0
6) за решеткави столбови од профилен челик во рамнина — — — — — — — — — 1,4
7) за решеткави столбови од цевки во рамнина 1,1
8) за четириаголни решеткави столбови од профилен челик — — — — — — — — 2,6
9) за четириаголни решеткави столбови од цевки — — — — — — — — — — 2,0
10) за триаголни решеткави столбови од профилен челик — — — — — — — — 2,8
11) за спроводници и заштитни јажиња — — 1,0

III. СПРОВОДНИЦИ И ЗАШТИТНИ ЈАЖИЊА

1. Општи одредби

Член 14

Во поглед на изработката и квалитетот на материјалот, жиците и јажињата мораат да ги исполнуваат условите предвидени со важечките југословенски стандарди.

Отстапување од одредбата на став 1 на овој член е допуштено во исклучителни случаи кога за тоа постојат одредени причини.

Електроенергетските водови можат да бидат и без заштитно јаже.

2. Материјал

Член 15

Како материјал за жици и јажиња се употребуваат главно бакарот, алуминиумот и челикот. Бакарот и алуминиумот треба да бидат тврдо влечени, а полутврд бакар смее да се употреби само за нисконапонски водови. Челикот мора да биде трајно и сигурно заштитен од корозија, на пр. со поцинкување со жешка постапка.

Член 16

Ако се употребат комбинации на метали од член 15 на овој правилник, на нивни легури или на други материјали, жиците и јажињата треба да имаат доволна жилавост и постојаност спрема атмосферски влијанија.

3. Изработка

Член 17

За високонапонски водови можат да се употребат само голи жици и голи јажиња.

За нисконапонски водови можат да се употребат голи или изолирани спроводници, со тоа што при употребата на изолираните спроводници се исполнуваат оние сигурносни барања што важат за голите спроводници.

За делови на нисконапонски вод и за надземни кучни приклучоци можат да се употребат и водови слични на кабел, закачени на затегнато јаже или самоносливи кабли со челично јаже. За тие случаи важат и одредбите на важечките соодветни технички прописи.

Член 18

Употреба на жици од алуминиум и од негови легури не е дозволена. Тие материјали смеат да се употребат единствено како јажиња. Употреба на жици од други материјали е дозволена ако пресекот не им преминува 16 mm² и ако се поставуваат во распони помали од 80 m.

4. Најмали пресеци

Член 19

Најмали дозволени пресеци на жиците и јажињата треба да бидат следните, и тоа ако се:

1) од бакар 10 mm²
2) од алуминиум и од негови легури 25 mm²
3) од алу-челик 16 mm²
4) од челик 16 mm²

Жиците и јажињата од други материјали треба да имаат толкав пресек што силата на кинењето да им биде најмалку 380 kp. За нисконапонски водови со распон до 45 m дозволени се следните најмали пресеци, и тоа ако се:

1) од бакар 6 mm²
2) од алуминиум и од негови легури 16 mm²

Жиците и јажињата од други материјали треба да имаат толкав пресек што силата на кинењето да им биде најмалку 180 kp.

Член 20

Пресекот на жиците и јажињата мора да биде доволно голем што температурата од загревањето со струја да не им преминува +80°C. При тоа се смета со температура на околината од +40°C.

Член 21

Заштитното јаже мора да биде димензионирано така што кај еднополни кратки споеви да не биде термички преоптоварено.

5. Напрегање

Член 22

Максималното работно напрегање, т.е. избраната сметковна вредност што хоризонталната компонента на напрегањето на затегање ја постигнува на —5°C со нормалното додатно оптоварување (избрано според член 7 на овој правилник) или на —20°C без додатното оптоварување, не смее да ја преминува вредноста на нормалното дозволено напрегање.

Член 23

Напрегањето на затегање во точката на обесувањето на —5°C со исклучително додатно оптоварување (избрано според член 8 на овој правилник) не смее да ја преминува вредноста на исклучителното дозволено напрегање.

Член 24

За разни материјали во таблица 2 се дадени нормалните и исклучителните напрегања, кои се однесуваат на фактичниот пресек на спроводникот односно на заштитното јаже.

Таблица 2

Материјал			Дозволено напрегање kp/mm² нормално жица	јаже	исклучително жица	јаже
1			2	3	4	5
Алу-челик	Al/Fe	0,95/1	—	24,5	—	46
		1,7/1	—	19	—	35,5
		4,4/1	—	13	—	24,5
		6/1	—	11	—	21
		7,7/1	—	10	—	19
Легура AlMg-челик						
	AlMg/Fe*	0,95/1	—	26	—	49
		1,7/1	—	21	—	39
		4,3/1	—	15	—	28
		6/1	—	13,5	—	25
		7,7/1	—	12,5	—	23
Алуминијум	Al		—	7	—	12
Легура AlMg	AlMg*		—	9	—	17
Бакар	Cu		11	18		30
Челик I	FeI		12	16		32
II	II		20	28		56
III	III		30	45		90
IV	IV		40	55		110

За материјалите што не се наведени во таблица 2 треба да се земе, и тоа:

1) како нормално дозволено напрегање:
а) за жица 25% од затежна цврстина;
б) за јаже 40% од прекинска цврстина;
2) како исклучително дозволено напрегање: за жица и јаже 75% од затежна цврстина односно од прекинска цврстина.

Вредностите за јажиња означени со х важат до донесување на југословенскиот стандард за тие јажиња.

Член 25

Опасноста од замор на материјалот поради вибрации треба да се спречи со соодветни мерки (на пример: со поставување придушувачи или со намалување на напрегањето).

Член 26

При пресметувањето на напрегањата, за физичките особини на материјалот можат да се употребат вредностите наведени во таблица 3.

Таблица 3

Материјал		Број жици	Специфична тежина kp/dm³	Модул на еластичноста kp/mm²	Коефициент на топлотното истегање 1/°C
1		2	3	4	5
Алу-челик	0,95/1	18/19	5,33	13.000	1,33.10⁻⁵
	1,7/1	12/7	4,66	10.700	1,53.10⁻⁵
	4,4/1	30/7	3,75	8.200	1,78 10⁻⁵
		30/19	3,64	8.000	1,80.10⁻⁵
	6/1	6/1	3,50	8.100	1,91.10⁻⁵
		26/7	3,50	7 700	1,89.10⁻⁵
		26/19	3,50	7.600	1,95.10⁻⁵
	7/7/1	24/7	3,36	7.400	1,96.10⁻⁵
		54/7	3,36	7.000	1,93.10⁻⁵
Алуминијум		7	2,70	6.000	2,3. 10⁻⁵
		19	2,70	5.700	2,3. 10⁻⁵
		37	2,70	5.700	2,3. 10⁻⁵
Бакар		7	8,90	11 300	1,7. 10⁻⁵
		19	8,90	10 500	1,7. 10⁻⁵
		37	8,90	10.500	1,7. 10⁻⁵
Челик		7	7,80	18 000	1,1. 10⁻⁵
		19	7,80	17 500	1,1. 10⁻⁵
		37	7,80	17.500	1,1. 10⁻⁵

Вредностите за јажиња од легура AlMg или од легура AlMg во комбинација со челик се еднакви со вредностите за алуминиум односно за алу-челик.

Член 27

При пресметувањето на напрегањето на спроводниците на висечките изолатори во стрмни и нерамномерни распони, треба да се води сметка за отстранувањето на изолаторите во правец на трасата на водот (пресметување со помош на „идеален распон").

6. Наставување на спроводници и на заштитни јажиња

Член 28

За наставување на спроводници односно на заштитни јажиња мораат да се употребуваат, по правило, спојници односно стегалки од истиот материјал од кој се и спроводниците. Спојниците односно стегалките од челик мораат да бидат поцинкувани со жешка постапка.

Член 29

За високонапонски водови во ист распон е дозволена најмногу една наставка по спроводник односно по заштитно јаже.

Член 30

Наставување на спроводници односно на заштитни јажења од различни пресеци или од различен материјал смее да се врши само на местата

на кои спроводниците односно заштитните јажиња се механички разбременети. Употребените стегалки мораат да бидат од таква конструкција што да е сигурно спречено електролитското разурнување.

Член 31

Наставките на спроводниците односно на заштитните јажиња во распон мораат да издржат најмалку 90% од силата на кинењето на спроводникот односно на заштитното јаже, при што може да се употреби и повеќе од една спојница.

Спојници што по својата конструкција даваат сигурен спроводен спој и гарантираат најмалку 100% од силата на кинењето на спроводникот (на пр. компресиони спојници) не се сметаат како наставки во смисла на овој правилник.

IV. РАСПОРЕД НА СПРОВОДНИЦИТЕ И НА ЗАШТИТНИТЕ ЈАЖИЊА

1. Сигурносни растојанија

Член 32

Во сите погонски услови, земајќи го предвид дејството на ветрот и на додатното оптоварување, оддалеченоста помеѓу деловите под напон, како и оддалеченоста од деловите под напон до заземјените делови и до деловите на столбот, мора да биде еднаква барем во сигурносното растојание.

Член 33

Сигурносните растојанија изнесуваат, и тоа:

За назинвен напон:	до 1	до 20	35	60	110	220	380 kV
1) за неостранети спроводници	10	20	25	40	75	150	280 cm
2) за отстранети спроводници	10	20	20	30	55	110	190 cm

Член 34

Кај високонапонски водови се смета дека е исполнето барањето од член 32 на овој правилник во поглед на оддалеченоста помеѓу спроводниците односно помеѓу спроводниците и заштитните јажиња, во средината на распонот, ако таа оддалеченост во средината на распонот во услови без ветар на температура +40°C изнесува најмалку:

$$D = k\sqrt{f} + l + \text{сигурносното растојание (cm)}$$

каде што е:

f = уклон на спроводникот односно на заштитното јаже на температура +40°C (cm);

l = должина на изолаторскиот синџир од точката на обесувањето до спроводникот (cm). За потпорни изолатори, за затежни изолаторски синџири и за заштитни јажиња l = 0;

k = коефициент чија вредност зависи од распоредот на два набљудувани спроводници односно од спроводникот и заштитното јаже а се одредува според образците од чл. 35 до 37 на овој правилник, во кои е:

α = агол на отстранувањето на спроводникот односно на заштитното јаже од полжиот притисок на ветрот сметан според чл. 12 и 13 на овој правилник врз јаже, без мраз, изразен во степени.

При пресметувањето на оддалеченоста помеѓу два различни спроводници, односно помеѓу спроводникот и заштитното јаже што не е изведено исто како и спроводникот, за секој спроводник, односно и за спроводникот и за заштитното јаже, треба да се пресмета оддалеченоста D според образецот од став 1 на овој член. Треба да се одбере поголемата вредност.

Член 35

При хоризонтален распоред се зема дека е:

$$k = 4 + \frac{\alpha}{25}, \text{ но најмалку } k = 6$$

Најмалата оддалеченост D = 60 cm, ако сигурносното растојание не е поголемо.

Кај високонапонски водови со називен напон до 20 kV се користи образецот од став 1 на овој член и тогаш кога распоредот (проекцијата) на спроводникот односно на заштитното јаже не е хоризонтален.

За случаите од став 3 на овој член се предвидува хоризонтална оддалеченост на спроводникот од 20 cm, кога поради временските услови (снег, мраз, сињак) постои веројатност за допир односно за прескок на напонот.

Член 36

При кос распоред се зема дека е:

$$k = 2 + \frac{\alpha}{10}, \text{ но најмалку } k = 7$$

Најмалата оддалеченост D = 70 cm, ако сигурносното растојание не е поголемо.

За водови со називен напон над 20 kV е доволна така пресметаната оддалеченост (проекција) само под услов наедно и хоризонталната оддалеченост помеѓу спроводниците, односно помеѓу спроводникот и заштитното јаже, да му е еднаква барем на сигурносното растојание.

Ако хоризонталната оддалеченост помеѓу два косо распоредени спроводници и заштитното јаже е еднаква или поголема од оддалеченоста D пресметана според член 35 на овој правилник, се смета дека оддалеченоста е доволна.

Член 37

При вертикален распоред се зема дека е:

$$k = 4 + \frac{\alpha}{5}, \text{ но најмалку } k = 14$$

Најмалата оддалеченост D = 140 cm, ако сигурносното растојание не е поголемо.

Олкава оддалеченост е потребна само за водови со називен напон над 20 kV и во случај ако распоредот не е наполно вертикален, но хоризонталната оддалеченост е помала од сигурносното растојание.

Член 38

Кај нисконапонски водови растојанијата помеѓу спроводниците не смеат да бидат помали од оддалеченоста D пресметана според образецот:

$$D = 3\sqrt{f} \text{ (cm)}$$

но не помали од 30 cm при косо и хоризонтално поставување на спроводниците за распони до 45 m, односно не помали од 40 cm, за распони над 45 m.

При вертикално поставување на спроводниците, таа оддалеченост не треба да биде помала од 40 cm за распони до 45 m, односно не помала од 60 cm за распони над 45 m.

Член 39

Аголот на отстранувањето на изолаторскиот синџир се смета со 70% притисок на ветрот врз спроводниците односно со 50% притисок на ветрот врз спроводниците во снопот. Во обата случаи аголот на отстранувањето се смета за спроводници без мраз. Притисокот на ветрот се смета според чл. 12 и 13 на овој правилник.

2. Заштитна зона

Член 40

Како заштитна зона се подразбира просторот под заштитното јаже во кој се смета дека спроводниците се доволно заштитени од влијанија на атмосферски пренапони.

Член 41

Спроводниците, по правило, мораат да се наоѓаат во границите на заштитната зона долж сите распони и на сите температури од 0° до 40°C.

Член 42

Заштитната зона на вод со едно заштитно јаже опфаќа простор во границите на аголот од 30° од обете страни на заштитното јаже, мерено од вертикалата.

Член 43

Заштитната зона помеѓу две заштитни јажиња го опфаќа просторот под лакот кој ги допира обете заштитни јажиња, на кој средиштето му е над јажињата, а полупречникот му изнесува 0,58 d од меѓусебната оддалеченост на заштитните јажиња (слика 1).



Слика 1

Член 44

Ако кај нисконапонски водови спроводниците не се хоризонтално распоредени, неутралниот спроводник треба да се наоѓа под фазните спроводници.

V. ИЗОЛАТОРИ

1. Општи одредби

Член 45

За надземни водови треба да се употребуваат потпорни и висечки изолатори.

Потпорните изолатори се спојуваат цврсто со столбот.

Висечките изолатори се спојуваат со столбот така што да можат слободно да се нишаат околу цврстата точка на обесувањето.

Член 46

Изолаторите на водовите со напон до 220 kV во поглед на механичките и електричните особини, како и во поглед на материјалот, обликот и начинот на зацврстувањето на металните делови на нив, мораат да ги исполнуваат условите предвидени со важечките југословенски стандарди.

Изолаторите се испитуваат според одредбите на важачките југословенски стандарди.

Член 47

За надземни електроенергетски водови со називен напон 380 kV, а во исклучителни случаи и за водови со називен напон 110 и 220 kV, можат да се употребуваат и изолатори што не се предвидени со југословенски стандарди, со тоа што мораат да им одговараат на препораките од IEC (Меѓународна електротехничка комисија) или на еден од признаени странски стандарди и по нив да бидат испитани.

Член 48

За одреден вод, по правило, треба да се одберат изолатори од стандардни типови, водејќи сметка за механичките и електричните оптоварувања на односниот вод.

2. Механичко димензионирање

Член 49

Потпорните изолатори на носечките столбови мораат да имаат преломно оптоварување најмалку 2,5 пати поголемо од тежината на спроводникот со додатното оптоварување, а потпорните изолатори на затежните столбови — најмалку 2,5 пати поголемо од силата на затегањето на спроводникот.

Член 50

К[illegible] изо[illegible]ори од ос[illegible] [illegible]ап[illegible]с[illegible]и[illegible]е изо[illegible]атори во синџирите на носечките столбови мораат да имаат електромеханичко оптоварување најмалку 3 пати поголемо од тежината на спроводникот со додатното оптоварување, а оние на затежните столбови — најмалку 3 пати потолемо од силата на затегањето на спроводникот.

Член 51

Масивните и стаповните изолатори односно масивните и стаповните изолатори во синџирите на носечките столбови мораат да имаат преломно оптоварување најмалку 3 пати поголемо од тежината на спроводникот со додатното оптоварување, а оние на затежните столбови — најмалку 3 пати поголемо од силата на затегањето на спроводникот.

Член 52

Дозволено е х о о [illegible] дот да се распредели на повеќе изолатори односно изолаторски синџири, под услов да се употребат такви средства што ќе обезбедат во нормалната состојба вкупното оптоварување подеднакво да се распредели.

3. Електрично димензионирање

Член 53

Изолаторот односно изолаторскиот синџир, комплетно монтиран како на надземниот вод (значи и со евентуална заштитна арматура), мора да го издржи напонот од таблица 4.

Таблица 4

Називен напон kV	Степен на изолација	Највисок погонски напон kV	Едноминутни подносливи напони на индустриска фреквенција спрема земјата kV		Подносливи ударни напони на стандарден бран од позитивен и негативен поларитет kV	
			Степен на изол. полн	Степен на изол. намален	Степен на изол. полн	Степен на изол. намален
1	2	3	4	5	6	7
3	Si	3,6	3,6	16	—	45	—
6	Si	7,2	7,2	22	—	60	—
10	Si	12	12	28	—	75	—
20	Si	24	24	50	—	125	—
35	Si	38	38	70	—	170	—
60	Si	72,5	72,5	140	—	325	—
110	Si	123	123	230	—	550	—
	Si	123 s	123	—	185	—	450
220	Si	245	245	460	—	1050	—
	Si	245 s1	245	—	395	—	900
380	Si	420 s2	420	—	680	—	1550
	Si	420 s3	420	—	630	—	1425

Член 54

За највисоките погонски напони 123 kV и 245 kV е предвиден по еден полн степен на изолација и по еден намален степен на изолација.

Полн степен на изолација треба да се примени во мрежи со изолирана неутрална точка, со компензирана струја на земјоспојот и со неефикасно заземјена неутрална точка, а подносливи напони треба да се избираат од колоните 4 и 6 (полн степен на изолација) во таблица 4. Во мрежите со ефикасно заземјена неутрална точка можат да се избираат подносливите напони од колоните 5 и 7 (намален степен на изолација) во таблица 4. За највисокиот погонски напон 420 kV постојат само 2 намалени степена на изолација зашто мрежите со 420 kV нормално се градат со ефикасно заземјена неутрална точка. Сите намалени степени на изолација, за разлика од другите степени на изолација, во ознаката имаат додаток: „s", „s1", „s2" и сл.

Член 55

Одредбата на член 53 од овој правилник важи за атмосферските услови што ги карактеризира:

1) барометарски притисок	1014 милибари (760 mm од живиниот столб)
2) температура	+20°C
3) влага	11 g/m³

Член 56

За делови од вод на поголеми надморски височини вредностите од таблица 4 од член 53 на овој правилник треба да се помножат со следните фактори, и тоа со:

1,000 — за надморски височини до 1000 m
1,075 — за надморски височини над 1000 до 1500 m
1,150 — за надморски височини над 1500 до 2000 m
1,225 — за надморски височини над 2000 до 2500 m

Член 57

На водовите или на делови од водови во пределите со поголемо таложење на нечистота, со роса или со магла (на пример: во близина на топилница, на морски брег и сл.), вредностите од таблица 4 од член 53 на овој правилник треба да се зголемат односно да се употребат изолатори со подолга струјна патека, и тоа во согласност со видот и степенот на загадувањето.

Член 58

Положбата на изолаторот на водот мора да биде таква што битно да не влијае врз неговите изолациони својства.

4. Засилена изолација

Член 59

Изолацијата на водот, по потреба, може да се засили, и тоа механички или електрично.

Член 60

Се смета дека изолацијата на водот е механички засилена ако:

1) за потпорни изолатори се употребат два или повеќе изолатори, така што во случај на прелом на еден изолатор преостанатите изолатори да бидат димензионирани според чл. 49 до 52 на овој правилник, земајќи ја предвид распределбата на оптоварувањето врз неоштетените изолатори.

Кај нисконапонски водови се смета дека е постигнато доволно механички засилено прицврстување на спроводници на нәсечки столбови, на покривни носачи, на конзоли на згради и сл. во права линија, ако при употреба на еден потпорен изолатор спроводникот додатно се врзе со сигурносна врска од ист материјал и со ист пресек како спроводниците;

2) за висечки изолатори се употребат два синџира или повеќе синџири димензионирани според чл. 49 до 52 на овој правилник за нормалната состојба на водот, кога оптоварувањето е рамномерно распоредено врз сите синџири, а во случај на прекин на еден синџир изолаторите на преостанатите синџири смеат да бидат оптоварени најмногу со половина износ од електромеханичкото оптоварување односно од минималното преломно оптоварување.

Член 61

Се смета дека изолацијата е електрично засилена ако се поставуваат изолатори или изолаторски синџири, чиј едноминутен поднослив напон 50 Hz е за околу 15% повисок од едноминутниот поднослив напон на преостанатиот дел на водот.

Одредбата од став 1 на овој член се однесува само на високонапонски водови, а за нисконапонски водови не е потребно изолацијата електрично да се засилува.

5. Зацврстување на спроводници

Член 62

На потпорните изолатори на носечките столбови спроводниците се врзуваат со мека жица од ист или сличен материјал од кој се и спроводниците. Пречникот на жицата не смее да биде помал од 1,5 mm за нисконапонски водови, односно од 2,5 mm за високонапонски водови.

Дозволени се и други начини на врзување на спроводниците.

Член 63

На аголните столбови спроводникот се поставува така што потпорниот изолатор да е во тап агол и врската да е разбремената.

Член 64

На затежните столбови спроводниците се зацврстуваат на потпорните изолатори со јамка која е затворена со спојници или со врска.

Член 65

Носачите на потпорните изолатори мораат да бидат димензионирани така што да ги издржат оптоварувањата од член 49 на овој правилник со механички фактор за сигурност најмалку 2, со оглед на прекинската цврстина на материјалот, ако не е предвидено поинаку со соодветните важечки југословенски стандарди.

Член 66

Стегалките и другите метални делови во составот на изолаторските синџири, како и опремата за зацврстување на заштитното јаже, треба да бидат така димензионирани што да издржат оптоварување според чл. 50 и 51 на овој правилник, со механички фактор за сигурност од најмалку 2,5 со оглед на силата на кинењето.

Стегалките и другите метални делови за зацврстување на спроводниците и на заштитното јаже треба да бидат од истиот или сличен материјал од кој се спроводниците односно заштитното јаже или од челик поцинкуван со жешка постапка.

Член 67

Ако се бара засилена механичка сигурност кај повеќекатни изолаторски синџири кога оптоварувањето е рамномерно распоредено на сите синџири,

при прекинот на еден синџир, металните делови на другите синџири мораат да бидат димензионирани така што да го издржат оптоварувањето според чл. 50 и 51 на овој правилник, со механички фактор за сигурност од најмалку 1,7 со оглед на силата на кинењето.

Член 68

За спроводниците и заштитните јажиња силата на извлекувањето од носечките стегалки не смее да биде помала од 60% од силата на затегањето.

VI. СТОЛБОВИ И НИВНО ДИМЕНЗИОНИРАЊЕ

1. Видови на столбови

Член 69

Столбовите можат да бидат носечки (линиски) и затежни.

Носечките столбови, по правило, се поставуваат само во праволиниска траса. Носечките столбови ги карактеризира тоа што на нив напрегањата на спроводниците односно на заштитните јажиња во обата распона се еднакви, спроводниците и заштитните јажиња не се цврсто споени со нив и врз столбот не се пренесува директно нивната сила на затегање од едната страна на столбот туку се пренесува само резултантата на силата на затегањето од обете страни, ако таа резултанта постои.

Затежните столбови ги карактеризира тоа што напрегањата на спроводниците односно на заштитните јажиња не мораат да бидат еднакви во обата распона, спроводниците и заштитните јажиња се цврсто споени со нив и врз столбот директно се пренесува силата на затегањето на секој спроводник и заштитно јаже од секоја страна на столбот.

Столбовите истовремено можат да бидат и носечки и затежни, на пример столб на кој водот се одвојува за прооден вод е носечки, а за разгранок — затежен.

Член 70

Столбовите можат да се наоѓаат во праволиниска траса (линиски столбови) или на агол од траса (аголни столбови). Носечките и затежните столбови можат да бидат линиски или аголни.

Член 71

Се препорачува на водовите со висечки изолатори да не се употребуваат аголни носечки столбови на места на кои аголот на скршнувањето на трасата изнесува повеќе од 20°.

Член 72

Должината на затежното поле, т. е. оддалеченоста помеѓу два затежни столба, по правило, не треба да биде поголема од 8 km ниту да опфаќа повеќе од 30 распони.

Пократки затежни полиња се применуваат ако посебните услови на трасата го бараат тоа (климатските услови, теренот, премините, поголемиот број агли и сл).

2. Напрегање на столбовите

Член 73

Столбовите мораат да бидат димензионирани така што напрегањето на материјалот да не ја пречекорува границата на дозволеното напрегање во ниеден случај на оптоварување.

За пресметување на одделен дел од столбот треба да се одбере она оптоварување што предизвикува најголема сила во него, со тоа што при тоа не се зема дека разни оптоварувања дејствуваат истовремено.

Член 74

Дозволените напрегања за одделни видови материјал се одредени посебно за нормални случаи на оптоварување, а посебно за вонредни случаи на оптоварување.

Нормалните случаи на оптоварување настануваат кога сите делови се неоштетени.

Вонредните случаи на оптоварување настануваат кога еден спроводник или едно заштитно јаже од една страна на столбот е прекинато.

3. Оптоварувања

Член 75

Оптоварувањата наведени во чл. 76 и 77 на овој правилник се однесуваат на столбови на водови со висечки изолатори и на столбови на водови со потпорни изолатори, а пресметувањето на напрегањето се врши според член 78 на овој правилник.

Член 76

Нормални оптоварувања се:

1) за сите видови столбови (носечки и затежни):

а) оптоварувањето при чие пресметување се зема:

— тежината на столбот, на изолаторите, на приборот, на спроводниците и на заштитните јажиња;

— тежината на додатното оптоварување на спроводниците и на заштитните јажиња;

— резултантата на полната сила на затегањето на сите спроводници и заштитни јажиња од двете страни на столбот;

б) оптоварувањето при чие пресметување се зема:

— тежината на столбот, на изолаторите, на приборот, на спроводниците и на заштитните јажиња;

— притисокот на ветрот врз столбот и врз сите спроводници и заштитни јажиња вертикално на водот односно во правец на симетралата на аголот на трасата;

— резултантата од две третини на силата на затегањето на сите спроводници и заштитни јажиња од двете страни на столбот;

в) оптоварувањето при чие пресметување се зема:

— тежината на столбот, на изолаторите, на приборот, на спроводниците и на заштитните јажиња;

— притисокот на ветрот врз столбот и врз сите спроводници и заштитни јажиња во правец на водот односно вертикално на симетралата на аголот на трасата;

— резултантата од две третини на силата на затегањето на сите спроводници и заштитни јажиња од двете страни на столбот;

2) само за затежни столбови:

оптоварувањето при чие пресметување се зема:

— тежината на столбот, на изолаторите, на приборот, на спроводниците и на затежните јажиња;

— две третини од силата на затегањето на спроводниците и на заштитните јажиња од една страна на столбот.

Член 77

Вонредните оптоварувања не се земаат предвид за поедноставни конструкции од дрвени столбови, ниту за водови до 35 kV освен на делници со потешки климатски услови.

Вонредни оптоварувања се:

1) за носечки столбови:

а) оптоварувањето при чие пресметување се зема:

— тежината на столбот, на изолаторите, на приборот, на спроводниците и на затежните јажиња;

— тежината на додатното оптоварување на спроводниците и на заштитните јажиња;

— половината од силата на затегањето на еден спроводник или на едно заштитно јаже од една страна на столбот, а за спроводници во сноп — четвртина од силата на затегањето на спроводниците од еден сноп;

2) за затежни столбови и за аголни носечки столбови со агол на скршнувањето на трасата поголем од 5°:

б) оптоварувањето при чие пресметување се зема:

— тежината на столбот, на изолаторите, на приборот, на спроводниците и на заштитните јажиња;

— тежината на додатното оптоварување на спроводниците и на заштитните јажиња;

— полната сила на затегањето на сите спроводници и заштитни јажиња во двата правца на трасата, освен на еден спроводник односно на едно заштитно јаже од една страна на столбот, а за водови со спроводници во сноп — полната сила на затегањето на сите снопови спроводници и заштитни јажиња во двата правца на трасата, освен на еден сноп односно на едно заштитно јаже од една страна на столбот.

Член 78

При пресметувањето на напрегањето на столбовите треба да се земе предвид следното:

1) тежината на спроводниците и на заштитните јажиња и тежината на додатното оптоварување треба да се сметаат според гравитациониот распон („тежина на спроводник односно на заштитно јаже“ — член 4 на овој правилник);

2) притисокот на ветрот врз спроводниците и заштитните јажиња во правец на симетралата на аголот на трасата се зема на полузбирот на соседните распони, без никакви редукции со оглед на аголот на трасата;

3) притисокот на ветрот врз спроводниците и заштитните јажиња во правец на симетралата на аголот на трасата се зема на полузбирот на соседните распони, со редукција со оглед на положбата на спроводниците и на заштитните јажиња спрема правецот на ветрот но така да ѝ е барем еднаков на четвртината на притисокот во правец на симетралата на аголот на трасата;

4) таму каде што не е одредено кој спроводник, кое заштитно јаже или која страна на столбот е во прашање, се зема она што е најповолно.

4. Натписи на столбови

Член 79

Сите столбови на високонапонски водови мораат да имаат натписи со предупредување на опасност, освен дрвени столбови на кои треба да се постават натписи со предупредување само во населени места и покрај патишта.

VII. ЗАЗЕМЈУВАЊЕ

1. Општи одредби

Член 80

При заземјување на надземни електроенергетски водови ќе се применуваат одредбите на оваа глава, одредбите на Техничките прописи за електроенергетски постројки над 1000 V (Додаток на „Службен лист на СФРЈ“, бр. 14/67), кои се составен дел од Правилникот за техничките мери за електроенергетски постројки над 1000 V („Службен лист на СФРЈ“, бр. 14/67 и 13/69), ако со овој правилник не е одредено поинаку.

Член 81

Металните и армиранобетонските столбови на високонапонските водови и металните ленти на дрвените столбови што служат за заштита на столбовите од удир на гром, треба да имаат сигурна врска со земјата. Ако кај високонапонските водови со вкопување на столбовите не се добие доволно заземјување, треба да се постават дополнителни заземјувачи односно да се преземат други дополнителни мерки.

За столбови на нисконапонски водови, без оглед на видот на столбовите и за дрвени столбови на високонапонски водови ако немаат метални ленти за заземјување, не се потребни дополнителни заземјувачи ниту други дополнителни мерки.

По исклучок, кај нисконапонските водови, ако постои опасност од превисок напон на допир поради особината на теренот (кал, мочуриште и сл.), околу столбот треба да се постави прстенест заземјувач за обликување на потенцијалот.

2. Заземјување во компензирани и незаземјени мрежи

Член 82

Во мрежите од висок напон со изолирана неутрална точка и во мрежите со компензирана струја на земјоспојот се претпоставува подолго траење на земјоспојот, па отпорот на заземјувањето кај столбовите на обработливи површини, покрај прометни патишта и во населени места, не смее да ја премине вредноста дадена со образецот:

$$R_u = \frac{U_z}{I_z} \Omega,$$

каде што е:

U_z = 125 V — напон на заземјувањето;

I_z = фактична струја на земјоспојот (A), која тече на местото на земјоспојот.

Во мрежите со изолирана неутрална точка I_z е капацитивната струја на земјоспојот, а во мрежите со неутрална точка заземјена преку калем — преостанатата струја на земјоспојот.

Како обработливи површини се сметаат површините што се обработуваат во земјоделството, како што се на пример ниви, градини, овоштарници, лозја и сл. Како обработливи површини не се сметаат површините на кои не се обработува земјиште, како што се: шуми, ливади и сл.

Како прометни патишта се сметаат патиштата од I и II ред, патиштата одредени исклучиво за сообраќај на моторни возила и автопатиштата. Како прометни патишта се сметаат и патиштата од III и IV ред со тврда подлога, кои се приклучуваат на автопатиштата и на патиштата од I и II ред, како и деловите на патишта од III и IV ред и други патишта за општа употреба, без тврда подлога, на должина од 500 m од населба. Како прометни патишта се сметаат и патиштата од III и IV ред и други патишта за општа употреба, без подлога, кои служат како пристапни патишта за училишта, болници, културни домови, панаѓуришта, гробишта и слични објекти во кои се собираат поголем број луѓе, и тоа на должина од 100 m од тие објекти.

Како населени места се сметаат:

1) во градски населби — делови од град со просечени улици, со изградени редици куќи, со паркови и шеталишта, додека поединечни згради се сметаат како населба само ако столбот би можел да падне во заграден двор, или столбот се наоѓа на оддалеченост помала од 15 m од станбена зграда;

2) во селски населби — поединечни куќи, ако столбот би можел да падне во заграден двор или на куќно земјиште што служи за градина, или столбот се наоѓа на оддалеченост помала од 15 m од станбена зграда.

Член 83

На водови со заштитни јажиња е меродавен вкупниот отпор на заземјувањето, сметајќи ја и врската преку заштитните јажиња.

Член 84

Пречекорување на вредноста на отпорот R_u може да се дозволи ако се преземат мерки што појава-

та на земјоспој на столбот ќе ја сторат малку веројатна или ќе го ограничат траењето на земјоспојот. Тој услов се смета за исполнет ако се примени барем една од следните мерки:

1) употреба на непробојни (масивни) изолатори;

2) редовна контрола на изолаторите, а најмалку еднаш годишно;

3) соодветен распоред на спроводниците на столбот кој спречува поради прелом на изолатор спроводникот да не падне на конструкцијата на столбот;

4) вградување уреди за сигнализација на земјоспојот и за непосредно автоматско исклучување на водот штом ќе настане дефект.

Член 85

Посебни мерки во врска со напонот на чекорот не се потребни ако е преземена една од мерките од член 84 на овој правилник.

3. Заземјување во мрежи со ефикасно заземјена неутрална точка

Член 86

Надземните електроенергетски водови што ѝ припаѓаат на мрежа со ефикасно заземјена неутрална точка, мораат да имаат уреди за брзо автоматско исклучување при земјоспој, кои сигурно ја исклучуваат делницата во дефект и така ја отстрануваат опасноста од дејството на напонот на местото на земјоспојот.

Член 87

Столбовите на надземните електроенергетски водови од член 86 на овој правилник треба да имаат заземјувач во облик на еден или два прстена околу секој темел или околу сите темели на еден столб. Најмалата длабочина на вкопувањето на заземјувачот е 0,5 m.

Оддалеченоста на прстените од темелот односно од столбот треба да биде таква што да се добие поповолен ефект за обликување на потенцијалот, што е зависно од обликот и конструкцијата на темелот на столбот.

Дозволени се и други начини на заземјување што обезбедуваат слично дејство.

Член 88

Одредбите од член 87 на овој правилник не се однесуваат на столбови во каменит терен без земја односно во кој, при рационална употреба на материјалот, не е можно да се постигнат задоволителни резултати на отпорот на заземјувањето. На столбовите на ваков терен не се поставува заземјувач.

Член 89

Во поглед регулирањето на напонот на допирот и на напонот на чекорот не треба да се преземаат други посебни мерки освен мерките предвидени во чл. 86 до 88 на овој правилник.

4. Заземјувања за заштита од гром

Член 90

За при удир на гром во столб или во заштитно јаже, опасноста од прескок врз спроводници да се намали на поднослива мера, треба да се одреди според одбраниот степен на изолација на водот максимално дозволениот отпор на заземјувањето, земајќи ги предвид зачестеноста и јачината на громовите во подрачјето на трасата, сигурноста на водот и зачестеноста на дефектите со оглед на важноста на проектираниот вод, како и трошоците за изработката на заземјувањето.

Член 91

Ако со заземјувањето изведено според член 87 на овој правилник не се постигнува отпор кој обезбедува заштита од гром, се препорачува меѓусебно поврзување на поединечни заземјувачи или поставување уште еден прстен околу сите темели на столбот на длабочина од 1 m, односно полагање на зраковидни заземјувачи во вкупна должина приближно на должината на заземјувачите на прстенот, ако тоа е поповолно со оглед на теренот.

Ако со постапката од став 1 на овој член не се постигне отпор кој обезбедува заштита од гром, понатамошното полагање на заземјувачи зависи од значењето на далекуводот и од атмосферските услови на односното подрачје.

Ако трошоците за изработка на заземјување на столбовите заради заштита од удир на гром се нерационални, важат одредбите на член 87 од овој правилник и за мрежите што не се ефикасно заземјени.

Член 92

Се смета дека повратен прескок на спроводникот не е веројатен ако за отпор на заземјувањето е исполнет условот според следниот образец:

$$R_{uz} \leq \frac{U_i}{I_u},$$

каде што е:

R_{uz} = отпор на заземјувањето (Ω) на посматраниот столб, без врска со заштитните јажиња;

U_i = поднослив удирен напон (kV) на изолаторот во суво;

I_u = темена вредност на удирната струја на громот (kA) за посматраниот столб.

При изборот на I_u како ориентација можат да послужат вредностите дадени во следната таблица, кои покажуваат за колку проценти од сите удири на гром, земени како 100%, вредноста на струјата од првиот ред на таблицата нема да биде надмината:

Струја од удир на гром во столбот kA	20	30	40	50	60
Удел од сите удири на гром %	79	91	95	98	99

Основа за одредување на струјата од удир на гром треба да бидат податоците за загрозеноста на водот со оглед на зачестеноста на атмосферското празнење односно на бројот на грмежливите денови во годината.

Член 93

Отпорот на заземјувањето со кој може да се смета при удирните напони на громот, се зема дека е приближно еднаков со отпорот на заземјувањето кој се добива со вообичаено мерење Што пократки се заземјувачите дотолку оваа претпоставка е поисправна.

5. Заземјување на заштитни јажиња и посебни одредби за столбови од различен материјал

Член 94

Заштитно јаже не метални столбови може да биде заземјено преку конструкција без посебен вод за заземјување, ако конструкцијата е заземјена а

одводот на струјата до заземјувачот е осигурен. На пристапно место над темелот на конструкцијата мора да постои стегалка за приклучок на заземјувањето.

Член 95

Заштитно јаже на армиранобетонски столбови може да биде заземјено преку челичната арматура во бетонот, ако пресекот на прачката изнесува најмалку 50 mm² и ако сите делови на арматурата што служат за заземјување имаат сигурен контакт. Оваа одредба се однесува и на носачите на изолаторите.

Арматурата што служи за заземјување мора да има на лесно пристапно место над темелот завршок за стегалка кој излегува од површината на бетонот.

За да се овозможи непречен одвод на струјата од удир на гром во земјата, се препорачува на армиранобетонските столбови, кои веќе поради вкопување имаат доволно мал отпор на заземјувањето, на стегалката за заземјување да се приклучи метален извод долг околу 1 m.

Член 96

На дрвени столбови не се изведува заземјување, освен ако носат заштитно јаже или ако треба да се заземјат металните делови. Заземјувањето во тој случај се изведува како кај металните и армиранобетонските столбови.

Ако носачите на изолаторите не се заземјени, водот за заземјување на заштитното јаже треба да се истави од главата на столбот и да се спречи металната врска со носачите. Се препорачува и на дрвени столбови да се заземји заштитното јаже на секој столб, но најмалку на секои 300 m должина на водот.

6. Земјоводи

Член 97

Материјалот и минималните пресеци на земјоводите, односно на водите што го спојуваат објектот кој се заземјува со заземјувачот, се наведени во таблица 5.

Таблица 5

	Поцинкуван челик		Бакар		Алуминиум	
Земјовод (вон од земјата)	Жица Лента	8 mm 20×3 mm	Жица Ø Лента	5 mm 8×2 mm	Жица Ø Лента	10 mm 25×4 mm
Лентест заземјувач и земјовод (во земјата)	Жица Ø Лента	10 mm 25×4 mm	(не се препорачува) Жица Ø Лента	8 mm 20×2,5 mm	—	
Стаповен заземјувач	Цевка 32/25 mm (се препорачува цевка 2", дебелина 3,5 mm)		Цевка 30/25 mm		—	
	Аголник 65×65×7 mm		—		—	
	Профил U 6,5 или T6		—		—	
Плочест заземјувач	1 m² дебелина 3 mm		0,5 m² дебелина 2 mm			

Член 98

Ако земјоводите се полагаат голи во земјата, се сметаат како дел на заземјувач.

Член 99

Ако на местото на преминот на земјоводот во земјата се очекува засилена корозија, се препорачува водот да се заштити со премачкување, со засилување на пресекот или со друга слична мерка.

Член 100

Ако постои опасност од механичко оштетување, земјоводот треба да се заштити на погоден начин.

Член 101

На земјоводите се применуваат и Техничките прописи за електроенергетски постројки над 1000 V и Правилникот за Техничките прописи за громобрани („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/68), ако со овој правилник не е одредено поинаку.

7. Заземјувачи

Член 102

Заземјувачите можат да бидат: лентести, стаповни или плочести.

Член 103

Материјалот, минималните пресеци и дебелините на заземјувачите се наведени во таблица 5 кон член 97 на овој правилник.

За заземјувачи можат да се употребуваат и други материјали отпорни спрема корозија, со слични особини и соодветни пресеци.

Член 104

Ако по исклучок се употребува непоцинкуван челик или се очекува посилна корозија во земја, пресекот на заземјувачот треба да биде за 50% поголем од пресекот одреден во таблица 5 од член 97 на овој правилник.

Член 105

Врз заземјувачите се применуваат и Техничките прописи за електроенергетски постројки над 1000 V и Техничките прописи за громобрани, ако со овој правилник не е одредено поинаку.

VIII. ПРЕМИНУВАЊЕ НА ВОДОВИ И НИВНО ПРИБЛИЖУВАЊЕ КОН РАЗНИ ОБЈЕКТИ

1. Општи одредби

Член 106

Во одредбите на овој правилник во кои е наведена само сигурносната оддалеченост, износот на сигурносната височина е еднаков на износот на сигурносната оддалеченост.

Член 107

Сигурносните височини и сигурносните оддалечености важат за нисконапонски водови и за високонапонски водови со напон до 110 kV, ако со овој правилник не е одредено поинаку.

Член 108

За водови со назинвен напон 220 kV, сигурносните височини и сигурносните оддалечености треба да се зголемат за 0,75 m, а за водови со назинвен напон 380 kV да се зголемат за 2,0 m — од вредноста за напонот 110 kV.

Член 109

Ако високонапонски вод минува преку некој објект, треба да се постапи онака како што за одделни објекти е пропишано со овој правилник. Пропишаните мерки, освен сигурносна височина, треба да се преземат и кога водот ќе се приближи кон автопат, кон пат од I ред, кон жичница, пловна река или канал, на оддалеченост помала од височината на столбот над земјата.

Член 110

Хоризонталните оддалечености, наведени во овој правилник, не се однесуваат на нисконапонски водови што функционално се врзани со односниот објект (осветлување на патишта, на спортски игралишта и сл.).

2. Непристапни места

Член 111

За непристапни места (на пример: клисури, карпи, непловни реки, мочуришта и сл.) сигурносната височина и сигурносната оддалеченост изнесуваат, и тоа:

1) сигурносна височина — — — — 4,0 m
2) сигурносна оддалеченост — — — 3,0 m

3. Места непристапни за возила

Член 112

За места непристапни за возила сигурносната височина и сигурносната оддалеченост изнесуваат, и тоа:

1) сигурносна височина:
— за нисконапонски куќни приклучоци 4,0 m
— за сé друго — — — — — — — 5,0 m
2) сигурносна оддалеченост — — — 4,0 m

4. Места пристапни за возила

Член 113

За места пристапни за возила (околу населени подрачја, над полиња околу кои има полски патеки, над ливади и оранници, над полски патишта и шумски патеки), сигурносната височина и сигурносната оддалеченост изнесуваат, и тоа:

1) сигурносна височина:
— за високонапонски водови до 110 kV 6,0 m
— за нисконапонски водови — — — 5,0 m
2) сигурносна оддалеченост:
— за високонапонски водови до 110 kV 5,0 m
— за нисконапонски водови — — — 4,0 m

5. Згради

Член 114

Водењето на надземни високонапонски водови преку згради што служат за постојан престој на луѓе треба да се ограничи на исклучителни случаи, ако други решенија технички или економски не можат да се оправдаат.

Се смета дека вод преминува преку зграда и кога растојанието на хоризонтолната проекција на најблискиот спроводник во неотстранета состојба од зградата е помало од 5 m без оглед на напонот на водот.

Член 115

За непристапни делови на згради (покрив, оџак и сл.) сигурносната оддалеченост изнесува, и тоа:

1) за високонапонски водови до 110 kV 3,0 m
2) за нисконапонски водови на носачи вѕидани од страна во зграда, освен за уводи во зграда — — — — — — 0,25 m
3) за нисконапонски водови над слемето од покрив — — — — — — — 0,40 m
4) за други нисконапонски водови — 1,0 m

Член 116

За постојано пристапни делови на згради (тераса, балкон, градежно скеле и сл.) сигурносната височина и сигурносната оддалеченост изнесуваат, и тоа:

1) сигурносна височина:
— за високонапонски водови до 110 kV 5,0 m
— за нисконапонски водови — — — 2,5 m
2) сигурносна оддалеченост:
— за високонапонски водови до 110 kV 4,0 m
— за нисконапонски водови — — — 1,25 m

Член 117

Вертикалната оддалеченост помеѓу спроводници и делови на зграда под спроводници (слеме на покрив, горни раб на оџак итн.), за водови со висечки изолатори треба да изнесува најмалку 3,0 m и ако во преодниот распон постои нормално додатно оптоварување а во соседните распони го нема тоа оптоварување.

Член 118

За прозорци и надворешни врати сигурносната оддалеченост за нисконапонски водови изнесува, и тоа:

1) од горниот раб нагоре — — — — 0,3 m
2) од горниот раб надолу — — — — 0,7 m
3) од подот на просторија — — — — 2,5 m
4) од отворот водорамно во сите правци кон надворешен простор — — — 1,25 m

Член 119

Ако за нискрнапонски водови се употребени спроводници со изолација што е постојана и отпорна на атмосферски влијанија, сигурносната оддалеченост изнесува, и тоа:

1) од долниот раб на прозорец или на врата надолу — — — — — — 0,3 m
2) од отворот на прозорец и врата водорамно во сите правци — — — — 0,6 m

Ако се употребени спроводници слични на кабел, односно самоносливи кабли, треба да се предвиди сигурносна оддалеченост само во хоризонтален правец која изнесува 0,6 m.

Член 120

Ако нисконапонските водови се приближуваат кон оџаци, сигурносната височина изнесува, и тоа:

1) ако оџакот не се чисти од надворешната страна (од покривот):

— ако водот се наоѓа над отворот на оџакот — — — — — — — — 0,8 m

— ако водот се наоѓа подолу од отворот на оџакот — — — — — — — — 1,2 m

2) ако оџакот се чисти од надворешната страна:

— од стојалишното место кај оџакот и од пристапот до оџакот нагоре — — 2,5 m

— во сите други правци — — — — 1,25 m

Не е дозволено преминување на нисконапонски вод преку оџаци, ако сигурносната височина изнесува помалку од 1,0 m.

Член 121

За високонапонски водови над згради е потребна засилената електрична сигурност според член 61 на овој правилник, а за станбени згради — уште и засилената механичка сигурност според член 60 на овој правилник.

Член 122

На станбени згради не е дозволено поставување на видни конзоли или на видни и покривни носачи за носење на високонапонски водови.

6. Згради на погонски постројки

Член 123

Сигурносните височини и сигурносните оддалечености од згради што ѝ припаѓаат на иста погонска постројка чиј е и електроенергетскиот вод (електрани, трансформаторски станици, разводни постројки), а не служат за живеење, можат да бидат помали отколку што е наведено во член 114 на овој правилник, ако се предвидат соодветни заштитни мерки за спречување на случаен допир на спроводник (на пр. поставување на ограда, на лесно уочливи натписи за предупредување и сл.), а во согласност со Техничките прописи за електроенергетски постројки над 1000 V.

7. Згради со запалив покрив

Член 124

За згради чиј покрив е покриен со запалив материјал, за високонапонски водови, без оглед на напонот, сигурносната височина и сигурносната оддалеченост изнесуваат, и тоа:

1) сигурносна височина — — — — 12,0 m

2) сигурносна оддалеченост — — — 5,0 m

Во сé друго за зградите од став 1 на овој член важат одредбите на член 114 од овој правилник.

8. Објекти во кои се наоѓа лесно запалив материјал

Член 125

Не е дозволено водење на водови преку објекти во кои се наоѓа лесно запалив материјал (складишта на бензин, на масло, на експлозив и сл.).

На проѓалиштето покрај објектите од став 1 на овој член хоризонталната сигурносна оддалеченост е еднаква на височината на столбот наголемена за 3,0 m, а изнесува најмалку 15,0 m.

9. Населени места

Член 126

За водови во населени места (член 82 став 5), сигурносната височина изнесува, и тоа:

1) за високонапонски водови до 110 kV 7,0 m

2) за нисконапонски водови — — — 5,0 m

Потребна е засилената електрична сигурност според член 61 на овој правилник.

10. Спортски игралишта

Член 127

Треба да се одбегнува минување на водови преку регистрирани спортски игралишта. Не е дозволено минување на нисконапонски водови над самото игралиште. Минување на високонапонски водови се дозволува само по исклучок, ако нема друго погодно решение.

Сигурносната оддалеченост изнесува 12,0 m

Потребна е засилената електрична и механичка сигурност според чл. 60 и 61 на овој правилник.

Нормалното и по исклучок дозволеното напрегање на спроводниците и на заштитните јажиња се намалува на 75% од вредноста наведена во таблица 2 од член 24 на овој правилник.

Спроводниците односно заштитните јажиња мораат да бидат од едно парче.

Член 128

Не е дозволено минување на водови преку стрелишта.

11. Скијачки скокалници

Член 129

Не е дозволено минување на водови преку отскокнувачка патека.

Сигурносната оддалеченост изнесува 12,0 m, а сигурносната оддалеченост од отскокнувачката патека изнесува 6,0 m.

Потребна е засилената електрична сигурност според член 61 на овој правилник.

12. Шуми и дрвја

Член 130

Од кој и да било дел од стебло сигурносната оддалеченост изнесува, и тоа:

1) за високонапонски водови до 110 kV 2,5 m

2) за нисконапонски водови — — — 1,0 m

За високонапонски водови од 110 kV и повеќе, сигурносната оддалеченост мора да биде одржана и во случај на соборување на стеблата и мерена од спроводникот во неотстранета положба.

13. Патишта од II до IV ред и патишта за индустриски објекти изградени како патишта за општа употреба

Член 131

Сигурносната височина изнесува, и тоа:

1) за високонапонски водови до 110 kV 7,0 m

2) за нисконапонски водови — — — 6,0 m

Член 132

Оддалеченоста на кој и да е дел од столб од работ на патниот појас за високонапонски водови треба да изнесува најмалку 10,0 m, а во случај на

оправдана потреба 5,0 m, со тоа што мора да биде посебно образложена. Столбовите на нисконапонските водови, по потреба, можат да стојат покрај самиот надворешен раб на патен појас.

Потребна е засилената електрична сигурност според член 61 на овој правилник.

Член 133

Аголот на преминувањето на водовите над патиштата од II и III ред не смее да биде помал од 20°. За патиштата од IV ред аголот на преминувањето не е ограничен.

14. Патишта од I ред

Член 134

Сигурносната височина изнесува, и тоа:

1) за високонапонски водови до 110 kV 7,0 m
2) за нисконапонски водови — — — 6,0 m

Член 135

Хоризонталната оддалеченост на кој и да е дел од столб од надворешниот раб на патен појас изнесува, и тоа:

1) за високонапонски водови до 110 kV 20,0 m
Кога вод минува преку пат од I ред, оддалеченоста на кој и да е дел од столб може да биде и помала ако тоа го условуваат месните прилики и го бара техничката сигурност, но не помала од — — — — — — — 10,0 m
2) за нисконапонски водови — — — 2,0 m
а во случај на оправдана потреба — кон работ на патот, со тоа што мора да биде посебно образложена.

Потребна е засилената електрична и механичка сигурност според чл. 60 и 61 на овој правилник.

Член 136

Аголот на преминувањето, по правило, не смее да биде помал од 30°, ако за тоа не постои економско-техничко образложение.

Член 137

Во преоден распон на високонапонски водови не е дозволена употреба на жица.

15. Автопатишта

Член 138

Сигурносната височина изнесува, и тоа:

1) за високонапонски водови до 110 kV— 7,0 m
2) за нисконапонски водови — — — 6,0 m

Член 139

Оддалеченоста на кој и да е дел од столб од работ на автопатот изнесува најмалку 40,0 m.

Кога вод ппреминува преку автопат, оддалеченоста на кој и да било дел од столб може да биде и помала ако тоа го условуваат месните прилики и го бара техничката сигурност, но не помала од 10,0 m.

Потребна е засилената електрична и механичка сигурност според чл. 60 и 61 на овој правилник.

Член 140

Нормалното и по исклучок дозволеното напрегање на спроводниците и на заштитните јажиња се намалува на 75% од вредноста наведена во таблица 2 од член 24 на овој правилник.

Член 141

На местото на преминувањето на водот преку автопат не е дозволена употреба на жица.

Член 142

Спроводниците односно заштитните јажиња мораат да бидат од едно парче.

Член 143

Аголот на преминувањето на водот не смее да биде помал од 30°.

Член 144

При паралелно водење на водови со автопат, на потези подолги од 5 km се препорачува оддалеченоста на водот од автопатот да не биде помала, и тоа:

1) за нисконапонски водови — од околу 50,0 m
2) за високонапонски водови до 35 kV — од околу — — — — — — 100,0 m
3) за високонапонски водови над 35 kV — од околу — — — — — — 150,0 m

Во брегови и шумовити предели оддалеченоста на вод од автопат може да се намали на 40,0 m.

16. Градски улици и густо населени места

Член 145

Како густо населени места се сметаат населбите или местата со регулиран урбанистички план односно населените места со станбени и други згради поставени една покрај друга без слободен меѓупростор.

Сигурносната височина изнесува, и тоа:

1) за високонапонски водови до 110 kV 7,0 m
2) за нисконапонски водови — — — 6,0 m

Член 146

За високонапонските водови е потребна засилената електрична сигурност според член 61 на овој правилник, а на местата на крстосувањето со улици или со патишта уште и засилената механичка сигурност според член 60 на овој правилник.

Член 147

Нормалното и по исклучок дозволеното напрегање на спроводниците и заштитните јажиња се намалува на 75% од вредноста наведена во таблица 2 од член 24 на овој правилник.

Член 148

За нисконапонски водови во ист распон е дозволена најмногу една наставка по спроводник.

За високонапонски водови во ист распон е дозволена една наставка по спроводник само при приближување, додека при преминување спроводниците односно заштитните јажиња мораат да бидат од едно парче.

Член 149

Аголот на преминувањето на водови над градски улици не смее да биде помал од 30°.

17. Трамваи и тролејбуси

Член 150

Сигурносната оддалеченост од возилата, трамваите или тролејбусите, од возните и напојните водови, односно од конструктивните делови за нивно носење изнесува, и тоа:

1) за високонапонски водови до 110 kV 3,0 m
2) за нисконапонски водови — — — 1,5 m.

Потребна е засилената електрична и механичка сигурност според чл. 60 и 61 на овој правилник.

Член 151

Нормалното и по исклучок дозволеното напрегање на спроводниците и на заштитните јажиња се намалува на 75% од вредноста наведена во таблица 2 од член 24 на овој правилник.

Член 152

Спроводниците и заштитните јажиња мораат да бидат од едно парче.

Член 153

Аголот на преминувањето на возните и напојните водови не смее да биде помал од 30°.

18. Сплавни реки

Член 154

Сигурносната височина од највисокиот водостој на реки на кои е можно сплавање изнесува 7,0 m.

Потребна е засилената електрична сигурност според член 61 на овој правилник.

19. Пловни реки и канали

Член 155

Сигурносната височина од највисокот водостој при кој уште е можна пловидба, ако не е утврдено поинаку во спогодба со надлежните органи, изнесува 15 m.

Член 156

Хоризонталната оддалеченост на кој и да било дел од столб изнесува најмалку:

1) од брегот — — — — — — — 10 m
2) од стапка на насип — — — — — 6 m.

Потребна е засилената електрична и механичка сигурност според чл. 60 и 61 на овој правилник.

Член 157

Нормалното и по исклучок дозволеното напрегање на спроводниците и на заштитните јажиња се намалува на 75% од вредноста наведена во таблица 2 од член 24 на овој правилник.

Член 158

Не е дозволена употреба на жици.

Член 159

Спроводниците односно заштитните јажиња мораат да бидат од едно парче.

Член 160

Аголот на преминувањето на водовите над пловните реки и канали не смее да биде помал од 30°.

Член 161

При паралелно водење на водови со пловни реки и канали, на потези над 5 km, оддалеченоста на високонапонскиот вод од брегот односно од насипот не смее да биде помала од 50 m.

Член 162

Мерките предвидени во чл. 156 до 158 на овој правилник се применуваат и кога хоризонталната оддалеченост од брегот на спроводник отстранет поради дејство на ветрот при + 40°C за водови до 110 kV и помала од 2,0 m.

20. Мостови и слични конструкции

Член 163

Сигурносната оддалеченост за водови до 110 kV изнесува, и тоа:

1) од пристапни делови — — — — — 5,0 m
2) од непристапни делови — — — — 3,0 m.

21. Антени на телевизиски и радио приемници

Член 164

Не е дозволено преминување на водови преку антени на телевизиски и радиоприемници, како ниту преминување на такви антени преку водови.

Сигурносната оддалеченост изнесува, и тоа:

1) за високонапонски водови до 110 kV — 5.0
2) за нисконапонски водови — — — — 2,0.

22. Антени на предавателни и приемни радиостаници

Член 165

Не е дозволено преминување на водови преку антени на предавателни и приемни радиостаници.

Сигурносната оддалеченост се одредува во спогодба со надлежната организација.

23. Преминување на високонапонски вод преку друг високонапонски вод и меѓусебно приближување

Член 166

За високонапонски водови до 110 kV сигурносната височина изнесува 2,5 m, а сигурносната оддалеченост — 1,0 m.

За поважни водови од поголеми распони треба да се проверат сигурносното растојание и сигурносната оддалеченост и кога на горниот вод има додатно оптоварување а на долниот вод нема.

Одредбата на став 2 на овој член се однесува и на проверување на максималното отстранување на спроводник на долни вод.

Вод од повисок напон треба да се постави над вод од понизок напон.

Преминување на вод од понизок напон преку вод од повисок напон е дозволено само ако друг начин на преминување технички и економски не може да се оправда.

Горниот вод мора да се изгради со засилената електрична сигурност според член 61 на овој правилник.

Член 167

Меѓусебната оддалеченост на спроводниците на два паралелни вода на посебни столбови по можност треба да е еднаква или поголема од височината на повисокиот столб над земјата.

Најмалата меѓусебна оддалеченост на спроводниците на паралелните водови треба да биде еднаква со оддалечноста D пресметана според чл. 34 и 36 на овој правилник. Потребно е да се провери меѓусебната оддалеченост на спроводниците на паралелните водови, при најголемо отстранување на спроводник на еден вод поради дејството на ветрот, да не биде помала од сигурносното растојание за повисок напон, но не помала од 70 cm. При тоа се претпоставува дека спрповодниците на другиот вод не се отстранети.

Член 168

Ако два или повеќе водови се на разни височини на заеднички столбови, водот со повисок напон треба да се постави над водот со понизок напон.

Минималната хоризонтална оддалеченост помеѓу два спроводници што им припаѓаат на различни водови треба да биде еднаква со сигурносното растојание на водот со повисок напон.

Растојанијата на спроводниците на два вода мораат да ги исполнуваат условите предвидени во одредбите на глава IV на овој правилник.

24. Преминување на високонапонски вод преку нисконапонски вод и меѓусебно приближување

Член 169

Не е дозволено преминување на нисконапонски вод преку високонапонски вод.

За високонапонски водови до 110 kV сигурносната височина изнесува 2,5 m, а сигурносната оддалеченост 2,0 m.

Горниот вод мора да се изгради со засилената електрична сигурност според член 61 на овој правилник.

Член 170

Над нисконапонските спроводници треба да се постават две обострано заземјени сигурносни јажиња чија сметковна сила на кинење (механичка цврстина) изнесува најмалку 1000 kp.

Член 171

Заштитни јажиња над нисконапонски водови не треба да се поставуваат, ако за високонапонски вод се исполнети следните услови:

— во преодниот распон треба да е предвидена засилената електрична и механичка сигурност според чл. 60 и 61 на овој правилник;

— нормалното дозволено напрегање не смее да преминува 1/3 од прекинската цврстина на спроводниците и на заштитните јажиња;

— ако преодниот распон е ограничен со носечките столбови, да се провери случајот кога во преодниот распон останува додатно оптоварување, а на спроводниците и на заштитните јажиња во соседните распони нема додатно оптоварување. Во тој случај дозволената сигурносна височина изнесува 2 m за водови до 110 kV.

Член 172

Ако условите од чл. 170 и 171 на овој правилник не можат да бидат исполнети, водот со низок напон треба да се постави во кабел.

Член 173

Меѓусебната оддалеченост на спроводниците на два паралелни вода на посебни столбови треба да биде по можност еднаква или поголема од височината на повисокиот столб над земјата.

Најмалата меѓусебна оддалеченост на спроводниците на паралелните водови треба да биде еднаква со оддалеченоста D пресметана според чл. 34 и 36 на овој правилник.

Потребно е да се провери меѓусебната оддалеченост на спроводниците на паралелните водови, при најголемо отстранување на спроводникот на еден вод поради дејството на ветрот, да не биде помала од сигурносното растојание за повисок напон, но не помала од 70 cm. При тоа се претпоставува дека спроводниците на другиот вод не се отстранети.

Член 174

Ако на заеднички столбови по исклучок има повеќе водови на разни височини, високонапонските водови мораат да се постават над нисконапонските водови.

Минималната хоризонтална оддалеченост помеѓу два спроводника што им припаѓаат на различни водови треба да биде еднаква со сигурносното растојание на водот со повисок напон.

Растојанијата помеѓу спроводниците на два вода мораат да ги исполнуваат условите од одредбите на глава IV на овој правилник.

Нисконапонскиот вод треба да се опреми со одводници на пренапон на почетокот и на крајот на делницата на водот која е на заедничките столбови со високонапонски вод, како и на секој евентуален разгранок.

25. Преминување на нисконапонски вод преку друг нисконапонски вод

Член 175

За нисконапонски водови што минуваат еден преку друг сигурносната височина изнесува 1,0 m, а сигурносната оддалеченост — 0,5 m.

26. Преминување на надземен електроенергетски вод преку телекомуникационен вод и меѓусебно приближување

Општи одредби

Член 176

На местото на преминувањето на надземниот електроенергетски вод преку телекомуникациониот вод сигурносната височина помеѓу најнискиот спроводник на електроенергетскиот вод и највисокиот спроводник на телекомуникациониот вод изнесува, и тоа:

1)	за електроенергетски водови	380 kV — —	5,5	m
2)	„ „ „	220 kV — —	4,0	m
3)	„ „ „	над 35 kV до 110 kV — —	3,0	m
4)	„ „ „	над 1 kV до 35 kV — —	2,5	m
5)	„ „ „	со назинвен напон спрема земјата над 250 V до 1 kV	2,0	m
6)	„ „ „	со назинвен напон спрема земјата до 250 V — —	1,0	m

Член 177

Во преодниот распон на телекомуникационите водови од член 184 на овој правилник е потребна засилената електрична и механичка сигурност според чл. 60 и 61 на овој правилник, а во преодниот распон на другите телекомуникациони водови — само засилената електрична сигурност според член 61 на овој правилник.

Член 178

На местото на преминувањето на водовите не е дозволена употреба на заштитни мрежи.

Член 179

Спроводниците и заштитните јажиња на високонапонските водови само во преодниот распон мораат да бидат од едно парче.

Член 180

На столбовите на преодниот распон не се дозводени искокнувачки ниту лизгачки стегалки.

Член 181

Аголот на преминувањето на водот, по правило, треба да биде 90°, но не смее да биде помал од 45°. Во исклучителни месни прилики тој може да се намали до 30°, со тоа што тоа мора посебно да се образложи.

Член 182

Ако електроенергетскиот вод нема заштитно јаже, на столбовите на телекомуникационите водови што се наоѓаат на краиштата на распонот на крстосувањето со електроенергетските водови на напон над 250 V спрема земјата, треба да се постават громобрани чие заземјување, по правило, треба да има електрична отпорност помала од 25 оми.

Спроводници

Член 183

Во преодното поле најмалите дозволени пресеци за спроводници и заштитни јажиња изнесуваат, и тоа:

	за низок напон до 250 V спрема земјата	за повисок напон
— за бакар и челик	јаже 10 mm²	јаже 16 mm²
— за алуминиум, алучелик и легури од алуминиум	јаже 16 mm²	јаже 25 mm²

При преминување на нисконапонски куќни приклучоци преку телекомуникациони водови е дозволена употреба на јаже или жица пресек најмалку 6 mm² Cu односно 16 mm² Al.

Член 184

При преминување на водови преку телекомуникациони водови за меѓународен сообраќај или за поврзување на главните градови на републиките и автономните покраини, нормалното дозволено напрегање на спроводниците и на заштитното јаже на електроенергетските водови не смее да преминува 1/3 од нивната прекинска цврстина.

Член 185

При преминување на водови преку телекомуникациони водови, освен водовите од член 184 на овој правилник, по исклучок дозволеното напрегање на спроводниците се смета со тројно додатно оптоварување на местото на преминувањето, ако не е исполнет условот од член 184 на овој правилник.

Член 186

Преодниот напон над телекомуникациониот вод, по можност, треба да биде помал од соседните распони, или крстосувачките столбови да бидат сметани за поголем сметковен распон.

Меѓусебно приближување на телекомуникациони и надземни електроенергетски водови

Член 187

На местата на приближувањето, хоризонталната оддалеченост помеѓу најблиските спроводници на два вода треба да биде еднаква со височината на повисоките столбови наголемена за 3 m.

Ако поради месни прилики (населба и сл.) не може да се одржи оддалеченоста пропишана во став 1 на овој член, дозволена е хоризонтална оддалеченост најмалку 1 m за напон спрема земјата до 250 V, а 4 m за повисок напон со тоа што да се применат засилената механичка и електрична сигурност според чл. 60 и 61 на овој правилник.

Член 188

При приближување на водови на кривини, треба да се преземат мерките против допир на откинати спроводници, и тоа:

1) намалување на распонот така што откинатиот спроводник на надворешниот вод да остане оддалечен најмалку 3 m од најблискиот спроводник на внатрешниот вод, или

2) засилено зацврстување на спроводници на потпорни изолатори (сигурносни стремени или слично).

Член 189

Одредбите на чл. 187 и 188 на овој правилник се однесуваат и на телекомуникациони водови за кои се употребени надземни (воздушни) кабли.

Член 190

За заштита на телекомуникациони водови од индуктивно влијание на електроенергетски водови над 1 kV важат посебни технички прописи.

Член 191

Телекомуникационите кабли положени во земја треба да бидат оддалечени од столбовите на електроенергетските водови најмалку 10 m за називни напони до 110 kV, 15 m за називни напони 220 kV, а 25 m, за називни напони 380 kV.

Ако поради месните прилики (улици во населени места и сл.) не можат да се одржат оддалеченостите пропишани во став 1 на овој член, дозволено е телекомуникационите кабли да се положат најмалку на 1 m од столбовите на електроенергетски водови до 35 kV.

Член 192

Не е дозволено поставување на електроенергетски и телекомуникациони водови на исти столбови. Оваа одредба не се однесува на сопствени погонски телекомуникациони водови и на сигнални водови на електростопанските и слични организации.

Член 193

Хоризонталната оддалеченост на најблискиот спроводник на електроенергетски вод до столбот на телекомуникационен вод не смее да изнесува помалку од 5 m. Овој услов не мора да биде исполнет, ако височинската разлика помеѓу најблиските спроводници на обата вода е најмалку 10 m.

Хоризонталната оддалеченост на столбот на електроенергетски вод од најблискиот спроводник на телекомуникационен вод не смее да биде помала од 2 m. При тоа треба да се тежнее таа оддалеченост, по можност, да биде помала од двојната височинска разлика помеѓу највисокиот спроводник на телекомуникациониот вод и најнискиот спроводник на електроенергетски вод.

Член 194

Ако на местото на крстосувањето телекомуникационите водови се положени во кабел, хоризонталната проекција на оддалеченоста на најблискиот спроводник на електроенергетски вод од најблискиот столб што ги носи телекомуникационите водови односно извод на телекомуникациониот кабел мора да биде најмалку еднаква со височината на столбот на местото на крстосувањето на електроенергетскиот вод зголемена за 3,0 m.

27. Минување на телекомуникациониот вод преку надземен електроенергетски вод

Член 195

Минувањето на телекомуникациониот вод преку електроенергетскиот вод е дозволено по исклучок во населби, и тоа само преку нисконапонски водови со напон спрема земјата до 250 V. Минување на телекомуникационен вод преку електроенергетски водови со повисоки напони не е дозволено.

Член 196

Сигурносната височина помеѓу најпискиот спроводник на телекомуникационен вод и на највискиот спроводник на електроенергетски вод изнесува 1,0 m.

Член 197

Спроводниците на електроенергетски вод треба да бидат изолирани кога преку нив минуваат спроводници на телекомуникационен вод според член 184 на овој правилник.

28. Приближување и крстосување на подземни електроенергетски и телекомуникациони кабли

Член 198

Забрането е полагање во земја на електроенергетски и телекомуникациони кабли во поредок еден покрај друг.

Член 199

Ако електроенергетски кабли до напон од 110 kV и телекомуникациони кабли се положени подземно, на делницата на приближувањето хоризонталната оддалеченост на најблискиот електроенергетски кабел од најблискиот телекомуникационен кабел мора да изнесува најмалку 50 cm.

Ако оддалеченоста во став 1 на овој член не може да се одржи, на тие места електроенергетските кабли треба да се постават во железни цевки, а телекомуникационите кабли — во бетонски цевки, односно треба да се применат други соодветни мерки на заштита со кои ќе се согласат заинтересираните страни. За напони над 250 V према земјата, електричните кабли треба да се заземјат на секоја спојница од делница на приближувањето.

Член 200

Ако електроенергетските кабли се со напон над 10 kV, на делницата на приближувањето хоризонталната оддалеченост на најблискиот електроенергетски кабел од најблискиот телекомуникационен кабел мора да изнесува најмалку 1 m. Доколку таа оддалеченост не може да се постигне, треба да се постапи според член 199 на овој правилник, со тоа што заземјувањата на електроенергетскиот кабел да бидат на спојниците. Заземјувачот мора да биде оддалечен од телекомуникациониот кабел најмалку 2 m.

Член 201

Ако електроенергетски и телекомуникациони кабли се поставени во заеднички тунел, тие, по правило, се поставуваат на спротивните страни на тунелот Во овој случај за хоризонталната оддалеченост важат одредбите на чл. 199 и 200 од овој правилник.

Ако по исклучок електроенергетски и телекомуникациони кабли мораат да се постават на иста страна на тунелот, вертикалната оддалеченост помеѓу најблискиот електроенергетски и најблискиот телекомуникационен кабел треба да изнесува најмалку 50 cm. Телекомуникационите кабли треба да бидат поставени под електроенергетските.

Во случај на дефект на електроенергетски кабел, а за да не може да премине струјата од кабелот врз обвивката на телекомуникациониот кабел, треба да се преземат следните мерки:

1) на спојниците на електроенергетските кабли да се обезбеди добра електрична спроводлива врска со обвивката на кабелот;

2) заземјувањето на обвивката на електроенергетскиот кабел да се изведе според член 200 на овој правилник;

3) електроенергетските кабли да се постават на подлога која е добар спроводник на струја;

4) телекомуникационите кабли да се постават на подлога која е лош спроводник на струја.

Член 202

Ако електроенергетски и телекомуникациони кабли се крстосуваат, за аголот на крстосувањето важат одредбите на член 181 од овој правилник што се однесуваат на надземните водови.

Вертикалната оддалеченост на местото на крстосувањето помеѓу најблискиот електроенергетски и најблискиот телекомуникационен кабел мора да изнесува 30 cm за електроенергетски кабли со напон до 250 V спрема земјата, а 50 cm за електроенергетски кабли со напон над 250 V.

Член 203

Ако вертикалната оддалеченост од 50 cm предвидена во член 202 на овој правилник помеѓу каблите не може да се одржи, каблите на местото на крстосувањето треба да се постават во заштитни цевки должина 2 до 3 m. И во овој случај вертикалната оддалеченост не смее да биде помала од 30 cm Заштитните цевки за електроенергетските кабли треба да бидат од добро спроводлив материјал, а за телекомуникационите кабли — од лошо спроводлив материјал (член 199 став 2).

29. Жичници

Член 204

При минување на вод преку или под жичница и при приближување, сигурносната оддалеченост во најнеповолна положба на деловите на жичницата и на спроводниците изнесува, и тоа:

1) за високонапонски водови до 110 kV	5,0 m
2) за нисконапонски видови — — —	3,0 m.

Член 205

При минување на вод преку жичница е потребна засилената електрична и механичка сигурност според чл. 60 и 61 на овој правилник.

Член 206

При минување на вод преку жичница е забранета употреба на жица.

Член 207

При минување на вод преку жичница, спроводниците односно заштитните јажиња мораат да бидат од едно парче.

Член 208

При минување на вод преку или под жичница, аголот на преминувањето не смее да биде помал од 30°.

Член 209

При минување на вод преку жичница, металните делови на соседните носечки конструкции на жичницата треба да се заземјат.

30. Жични плотови и метални огради

Член 210

Жични плотови, метални огради и на нив слични објекти не смеат да се поставуваат близу до челични и армиранобетонски столбови. Нивната оддалеченост мора да изнесува најмалку 0,7 U_n (cm), но не помалку од 20 cm. Овде U_n е назимен напон (kV).

Член 211

При преминување на водот сигурносната оддалеченост изнесува, и тоа:

1) за нисконапонски водови — — — 1,25 m
2) за високонапонски водови до 110 kV 3,00 m.

31. Жични мрежи

Член 212

Како жични мрежи се подразбираат мрежи во полиња засеани со хмељ, во лозја, во овоштарници и сл.

Сигурносната височина изнесува, и тоа:

1) за нисконапонски водови — — — 1,25 m
2) за високонапонски видови до 110 kV 3,0 m.

Сигурносната оддалеченост изнесува, и тоа:

1) за нисконапонски водови — — — 1,25 m
2) за високонапонски водови до 110 kv 2,5 m.

Член 213

Потребна е засилената електрична сигурност според член 61 на овој правилник.

По исклучок, се дозволува примена на само еден потпорен изолатор за првиот повисок степен на изолација (на пример за нискиот напон N 95), со тоа да се примени сигурносно зацврстување на спроводниците врз изолаторите.

Член 214

Најмалите дозволени пресеци на голи спроводници и заштитни јажиња изнесуваат, и тоа:

1) за бакар — — — — — — — 16 mm²
2) за алуминиум и негови легури — — 35 mm²
3) за алу-челик — — — — — — 25 mm²
4) за челик — — — — — — — 25 mm²

Член 215

Кај водови со напон 110 kV и повеќе е потребно жичните мрежи да се заземјат во појас до 60 m од двете страни на водот. Отпорот на заземјувањето може да биде најмногу 25 oma.

32. Гасоводи, нафтоводи, пароводи и сл.

Член 216

Ако гасоводи, нафтоводи, пароводи и сл. се поставени надземно, сигурносната височина и сигурносната оддалеченост изнесуваат, и тоа:

1) за нисконапонски водови — — — 2,5 m
2) за високонапонски водови до 110 kV 4,0 m.

Потребна е засилената механичка и електрична сигурност според чл. 60 и 61 на овој правилник.

Член 217

Сигурносната оддалеченост се мери од самиот гасовод, нафтовод, паровод или сличен објект, како и од неговата носечка метална конструкција.

Член 218

Аголот на преминувањето не смее да биде помал од 30°.

Член 219

На местото на крстосувањето надземниот цевовод мора да биде прописно заземјен.

Член 220

Ако електроенергетските водови се паралелно водени со надземните гасоводи, нафтоводи и слични објекти, сигурносната оддалеченост не смее да биде помала од височината на столбот наголемена за 3,0 m

Ако сигурносната оддалеченост од став 1 на овој член поради теренски услови не може да се постигне, дозволена е и помала сигурносна оддалеченост но треба да се преземат сите мерки како при крстосувањето на електроенергетски вод со цевоводи според член 216 на овој правилник.

Член 221

За гасоводи, нафтоводи, пароводи и слични објекти поставени подземно, условите за крстосување се одредуваат спогодбено со надлежната организација.

33. Стогови и сушници

Член 222

Не е дозволено поставување стогови близу до високонапонски водови. Оддалеченоста на стоговите од високонапонските водови мора да изнесува најмалку 10,0 m.

Член 223

За згради во кои се сушат сено, жита и сл. (сенарници, амбари и кошеви) важат одредбите на член 114 односно на член 124 од овој правилник.

34. Гробишта

Член 224

Поставување столбови на подрачјето на гробиштата не е дозволено. Ако не може да се избегне преминување преку гробишта, на крстосните столбови треба да се постави електрично засилената изолација според член 61 на овој правилник.

35. Аеродроми

Член 225

Надземни високонапонски водови не смеат да преминуваат преку аеродром, да и се приближуваат на полетно-слетната патека повеќе од 1000 m, ниту да го сечат правецот на полетно-слетната патека на оддалеченост помала од 3000 m.

36. Железнички пруги во составот на Југословенските железници и на други железници со кои се врши патнички сообраќај, што не се предвидени за електрификација со надземен контактен вод

Спроводници и заштитни јажиња

Член 226

Најмалите дозволени пресеци на спроводниците и на заштитните јажиња во преодното поле изнесуваат, и тоа:

1) за јаже од бакар и челик — — — 16 mm²
2) за јаже од алуминиум — — — — 35 mm²
3) за јаже од друг материјал — — 25 mm².

Употреба на жица не е дозволена.

Член 227

Најголемото затежно напрегање (хоризонтална компонента), кое во спроводникот настанува во најнеповолни услови, не смее да премине 2/3 од нормално дозволеното напрегање на употребениот материјал според член 24 на овој правилник — за електроенергетски водови со назимен напон до 50 kV односно 85% од нормално дозволеното напрегање на употребениот материјал според член 24 на овој правилник — за електроенергетските водови со назимен напон над 50 kV.

Член 228

Потребно е со сметање да се провери дека при тројно нормално додатно оптоварување, напрегањето на спроводниците во точката на обесувањето не смее да ја преминува вредноста на исклучително дозволеното напрегање на употребениот материјал според член 24 на овој правилник.

Член 229

Спроводниците односно заштитните јажиња само во преодниот распон мораат да бидат од едно парче.

Изолатори и стегалки

Член 230

Во преодното поле е потребна засилената механичка сигурност според член 60 на овој правилник.

За засилена механичка сигурност на потпорни изолатори, не е дозволено изолаторите да се постават еден под друг.

Член 231

Потребна е засилената електрична сигурност според член 61 на овој правилник, со тоа што изолаторските синџири за напони од 35 kV или повеќе да бидат заштитени од прескок со заштитна арматура, и закачалките на изолаторските синџири да бидат заземјени. Оваа одредба не се однесува на синџири на дрвени столбови.

Член 232

На носечките столбови од преодното поле не е дозволена употреба на искокнувачки стегалки.

Столбови

Член 233

Во преодното поле се дозволени најмногу три носечки столба.

Член 234

Во преодното поле на нисконапонски вод и на високонапонски вод до 20 kV за носечки столбови можат да се употребат прости дрвени столбови вклештени во посебни нагалки или двојни дрвени столбови, на кои не смее да има свртување на трасата. За затежни столбови треба да се употребат А-столбови или други соодветни типови столбови.

Член 235

За високонапонски водови над 20 kV се дозволени и дрвени А-столбови само во права траса на водот, а по исклучок и за мал агол на свртување, со тоа што стабилноста да се провери со сметање. За затежни столбови треба да се употребат „пирамиди" или други соодветни типови столбови.

Член 236

Во преодното поле не е дозволено укотвување за нисконапонски водови и за високонапонски водови до 20 kV.

Член 237

На столбови на преоден распон на високонапонски водови не е дозволено да се поставуваат трансформатори и маслени прекинувачи, ниту прекинувачи кај кои можат да настанат отворени лакови.

Член 238

Столбовите на преодниот распон треба да се проверат за нормално и вонредно оптоварување според чл. 75 до 78 на овој правилник, а затежните столбови уште и за следните оптоварувања:

— тежината на столбот, на изолаторите, на приборот, на спроводниците, на заштитните јажиња;

— тежината на додатното оптоварување на спроводниците и на заштитните јажиња;

— силата на затегањето на сите спроводници и заштитни јажиња во преодното поле, а за водови со спроводници во сноп — силата на затегањето на сите спроводници во снопот и на заштитните јажиња во преодното поле.

Заземјување

Член 239

Кај високонапонски водови на столбовите на преодното поле мораат да се заземјат сите метални делови за зацврстување на изолаторите.

Член 240

За отпорот на заземјувањето важат одредбите на чл. 90 до 93 на овој правилник.

По исклучок, се дозволува отпорот на заземјувањето да се оствари со паралелно спојување на неколку заземјувања преку заштитни јажиња.

Височина на спроводниците

Член 241

Сигурносната височина од горниот раб на шината изнесува 7,0 m.

Член 242

Ако во преодното поле постојат носечки столбови, треба да се проверат сигурносните височини од член 176 (за телекомуникациони водови) и член 241 на овој правилник ако во преодниот распон остане додатно оптоварување а во соседните распони нема додатно оптоварување на спроводниците и на заштитните јажиња. Во тој случај е дозволена за 1,0 m помала сигурносна височина отколку што е наведена во чл 176 и 241 на овој правилник, со тоа што во случаите од член 176 не смее да биде помала од 1,0 m.

Член 243

Аголот на преминивањето не смее да биде помал од 45°. Во исклучителни месни услови аголот на преминувањето може да се намали до 30° за високонапонски водови од 35 kV и повеќе, со тоа што тоа мора посебно да се образложи.

Член 244

Поставување на надземни електроенергетски водови преку станичен перон, истоварни рампи и други истоварни површини не е дозволено. По исклучок, такво поставување на водови може да се дозволи, со тоа што тоа мора посебно да се образложи, и што сигурносната височина од горниот раб на шината не смее да изнесува помалку од 12,0 m.

Поставувањето на нисконапонски водови низ станичен простор мора да се изврши со подземен кабел под колосеците.

Оддалечености

Член 245

При преминување или приближување, најмалата хоризонтална оддалеченост на кој и да е дел од столб од железничка шина треба да изнесува

10,0 m. Оваа оддалеченост, по исклучок, може да се намали на 5,0 m, со тоа што тоа мора посебно да се образложи.

Член 246

Ако вод на колосек на железничка пруга се приближи толку што хоризонталната оддалеченост помеѓу најблискиот спроводник и шината да е помала од 6 m, треба да се преземат истите мерки на заштита, како да минува водот преку железничката пруга, освен во поглед на сигурносната височина.

Поставување на кабли

Член 247

При минување под железничка пруга, кабелот треба да се положи во канал или во цевки од челик, бетон и сл. Каналите и цевките треба да бидат вградени така што каблите да можат да се изменат без копање на долниот строј на железничката пруга.

Член 248

Кабелот треба да се положи најмалку на 1 m под горните рабови на шината.

Член 249

Положбата на подземниот кабел на местото на преминувањето треба видно да се обележи со ознаки од камен или бетон.

Член 250

Невкопани кабли на мостови, на подвозници и на пропусти треба да се заштитат од механичко оштетување.

37. Електрифицирани железнички пруги со надземен контактен вод и железнички пруги што со планот се предвидени за електрификација со надземен контактен вод

Член 251

За електрифицирани железнички пруги со надземен контактен вод и за железнички пруги што со планот се предвидени за електрификација со надземен контактен вод важат одредбите на чл. 226 до 233, чл. 236 до 240 и чл. 242 до 250 на овој правилник.

Сигурносната височина изнесува 12,0 m, оддалеченоста на столбот од железничкиот колосек изнесува 15 m, а употреба на дрвени столбови не е дозволена.

Член 252

Преминување на нисконапонски водови и на телекомуникациони водови преку контактни водови не е дозволено.

38. Индустриски пруги и колосеци без надземен контактен вод и без редовен патнички сообраќај

Член 253

Сигурносната височина од горниот раб на шините изнесува 7,0 m.

Член 254

Потребна е засилената механичка сигурност според член 60 на овој правилник.

Член 255

На носечките столбови на преодниот распон не е дозволена употреба на искокнувачки стегалки.

Член 256

Аголот на преминувањето, по правило, не смее да биде помал од 30°, но може да се намали под 30° за високонапонски водови со напон 10 kV и повеќе, со тоа што тоа мора посебно да се образложи.

Член 257

Во поглед на оддалеченоста на кој и да е дел од столб од железнички колосек при преминување, важи член 245 на овој правилник.

39. Оранжерии и стаклени градини

Член 258

За премини на електроенергетски водови преку оранжерии и стаклени градини важат одредбите на член 114 од овој правилник.

IX. ДРВЕНИ СТОЛБОВИ

1. Димензионирање

Член 259

За статичка пресметка на дрвен столб се претпоставува дека столбот е наполно рамен и дека зголемувањето на пречникот на столбот на подебелиот крај е во согласност со важечкиот југословенски стандард JUS D.B2.020.

Член 260

Напрегањето на столбот или на негови делови од силата на затегањето односно на притисокот, кои рамномерно се распоредени по пресекот, не смее да ја надминува вредноста од таблица 6.

Таблица 6

Вид напрегање	Сила на затегањето и на свиткувањето • за дрво		Притисок во правец на влакната за дрво		Притисок вертикален на правецот на влакната за дрво		Смолкнување во правец на влакната за дрво		Смолкнување вертикално на правецот на влакната за дрво	
	меко	тврдо	меко	тврдо	меко	тврдо	меко	тврдо	меко	тврдо
Најголемо дозволено напрегање kp/cm²	150	190	110	120	40	50	15	20	30	40

Вредностите наведени во таблица 6 се засноваат врз затежна цврстина на меко дрво од 550 kp/cm² односно на тврдо дрво од 850 kp/cm².

За вонредно оптоварување на водот (член 74 став 3) вредностите во таблица 6 можат да се пречекорат за 25%. Класификацијата на дрвото е дадена во важечкиот југословенски стандард JUS D.B2.020. За градење на електроенергетски водови се зема тврдо дрво: даб, питом костен и багрем, како и меко дрво: бор, ела и смрека.

Член 261

При напрегање на столбот и на негови делови на свиткување, максималното рабно напрегање не смее да го преминува дозволеното напрегање на свиткување според таблица 6 од член 260 на овој правилник.

Слабеењето на пресекот поради дупки за вијци, за можданици (чивии) и друго секогаш мора да се земе предвид на појасот на силата на затегањето.

Член 262

Напрегањето на столбот и на негови делови на извивање, пресметано според следните обрасци, не смее да ја преминува вредноста на дозволеното напрегање на притисок. Напрегањето на извивање се смета според следниот образец:

$$\sigma_i = \frac{\omega \cdot F}{S} \leq \sigma_t,$$

каде што е: ω = коефициент на извивањето;
F = најголем аксијален притисок (kp);
S = неослабен пресек.

Коефициентот ω се одредува со оглед на витоста на стапот, и тоа:

за $\lambda \leq 75$ вреди $\omega = \frac{1}{1 \quad 0{,}8\left(\frac{\lambda}{100}\right)^2}$

за $\lambda > 75$ вреди $\omega = \frac{\lambda^2}{3100}$

Извивањето треба да се пресмета за онаа рамнина на извивањето која е најнеповолна.

Витоста на обичен столб се смета според следниот образец:

$$\lambda = \frac{l_i}{i} \qquad i = \sqrt{\frac{J}{S}},$$

каде што е: l_i = должина на извивањето;
i = полупречник на инерцијата;
J = момент на инерција на пресекот во правец на извивањето за кој вреди l_i (мали локални ослабувања не се земаат предвид);
S = површина на пресекот без оглед на мали локални ослабувања.

Како должина на извивањето за вкопани А-столбови се зема растојанието од средината на клинот и вијкот на врвот до половината на вкопаната должина, а за вкопани трикраки односно четирикраки пирамиди — растојанието од средината на клинот или вијкот на врвот до напречниот спој односно од напречниот спој до половината на вкопаната должина. За столбови со ногалки, како должина на извивањето се зема растојанието од средината на клинот на врвот односно од напречниот спој до половината на растојанието помеѓу вијците што ги спојуваат ногалките со столбот.

Член 263

За двојни столбови кои според својата изработка не ги исполнуваат условите од член 270 на овој правилник, се зема дека имаат двоен момент на отпор на еднокатен столб. За двојните столбови што ги исполнуваат условите од тој член може да се земе дека имаат троен момент на отпор на еднокатен столб ако правецот на силата лежи во рамнината која минува низ оските на двата столба.

2. Спојување

Член 264

Средствата за спојување на столбовите треба да овевозможат меѓусебно поместување на одделни елементи на сложени столбови, и тие средства мораат да ги имаат вредностите на максималните сили со кои можат да се оптоварат споевите со вијци наведени во таблица 7.

Таблица 7

Начин на спојување	Елемент на спојот	Максимално оптоварување kp	
		за меко дрво	за тврдо дрво
Двосечен спој	Внатрешно дрво	360 d^2	450 d^2
	надворешно дрво	260 d^2	300 d^2
Едносечен спој	Еден или друг	170 d^2	200 d^2

d = пречник на спојниот вијак (cm).

Член 265

Ако силата дејствува косо на правецот на влакната, при аголот α помеѓу правецот на силата и правецот на влакната (член 264) вредностите од таблица 7 треба да се намалат со следните фактори k:

α =	0°	15°	30°	45°	60°	75°	90°
k =	1,00	0,95	0,91	0,87	0,83	0,79	0,75

Член 266

Под главата и под навртката на секој вијак мора да се постави тркалезна подложна плочка пречник 3,5 d, односно квадратна плочка од иста толкава должина на страните, каде што е d — пречник на вијкот. Дебелината на плочката треба да изнесува околу 1/10 од нејзината страна (пречникот), но најмалку 4 mm.

Член 267

Меѓусебното растојание на вијците, како и растојанието од вијците до крајот на стапот, во правец на силата на затегањето, мора да изнесува најмалку 7 пречници на вијците, но не смее да биде помало од 10 cm.

Член 268

Чивиите (можданиците) треба да бидат изработени од тврдо дрво. Притисокот помеѓу дрвото и чивиите не смее да биде поголем од дозволениот притисок според таблица 6, под услов должината на чивиите да не е помала од петорната длабочина на засекот.

Сите делови споени со чивии мораат да бидат меѓусебно стегнати со вијци.

Член 269

А-столбовите на горниот крај мораат да се спојат барем со една чивија од тврдо дрво.

Приближно во средината на слободната должина на столбот треба да се постави барем една напречна спојница. Таа спојница се состои од две четвртести или полутркалезни дрва кои на двете страни се прицврстуваат со вијците за столбот, или од едно тркалезно дрво чиј пречник не смее да биде помал од пречникот на столбот на врвот, а се стега со вијак најмалку М 20 поставен веднаш под него и паралелно со него.

На долниот крај на столбот треба да се постават клешти чии гредички се споени со столбовите со вијци најмалку М 20.

Член 270

Двојните столбови споени со чивии мораат да имаат по една чивија на секој крај, а освен тоа, според должината на столбот, уште 2 до 4 чивии по должината, и тоа така поставени што со дупките за

вијците и чивиите да не се ослаби столбот околу опасниот пресек. Непосредно покрај секоја чивија мора да се постави најмалку по еден споен вијак. За двојни столбови со пречник 16 cm на врвот, спојните вијци мораат да бидат најмалку М 16, а за подебели столбови — најмалку М 20. Спојните вијци на двојните столбови од низок напон, што не се споени со чивии, мораат да бидат најмалку М 20.

Член 271

Наместо чивии можат да се употребуваат и други средства со иста механичка вредност (на пример булдог-плочки).

3. Конструктивни подробности

Член 272

Најмалиот дозволен пречник на столбот на потанкиот крај мора да изнесува, и тоа:

1) на столбови на високонапонски водови:

— на еднокатни столбови и на елементи на сложени столбови што се оптоварени — — — — — — — 16 cm

— на помошни елементи на сложени столбови — — — — — — — 14 cm

— на А-столбови и на двојни столбови споени со чивии — — — — — 15 cm

— на ногалки — — — — — — — 18 cm

2) на столбови на нисконапонски водови:

— на еднокатни и потпрени столбови 13 cm

— на А-столбови и двојни столбови — 12 cm

— на столбови за разграноци на водови со само 2 спроводника — — — 12 cm

Член 273

Пречникот на столбовите се мери на 30 cm од врвот, а се одредува врз основа на измерениот обем.

Член 274

Столбовите зе електроенергетски водови мораат да бидат рамни. Се смета дека е столбот рамен, ако растојанието од јажето затегнато помеѓу врвот и местото каде што столбот излегува од земјата до површината на столбот на никое место не е поголемо од полупречникот на столбот на измереното место.

4. Заштита од гниење и 'рѓосување

Член 275

Сите видови дрвени столбови за електроенергетски водови, освен столбови кои по својата природа не се подложни на гниење, треба да се импрегнираат со соодветно средство за да се обезбеди траење на столбот најмалку 20 години.

Заштитата на дрвени столбови во смисла на став 1 од овој член се постигнува кога за одделен вид дрво ќе се примени импрегнација што нему му одговара, а во согласност со важечките југословенски стандарди.

Член 276

Деловите на столбот што не се во допир со земјата ако нивната употреба не е предвидена подолго од пет години, и деловите на столбот во допир со земјата ако нивната употреба не е предвидена подолго од три години, не мораат да ги исполнуваат условите од член 275 на овој правилник.

Член 277

Во поглед на столбовите на нисконапонски водови се смета дека е постапено според одредбите на член 275 од овој правилник кога на самото место ќе се примени еден од поефикасните начини на импрегнација, на пример: инјектирање, засипување со пирит при вкопување, бандажи и сл.

Член 278

Сите резови и дупки на столбот мораат да се премачкаат со врел битумен без киселина, или мораат да се заштитат од разурнување со друго средство со исто дејство.

Член 279

Директно забетонирување на столбови во темели не е дозволено.

Член 280

Челичните делови што се во допир со дрвени столбови мораат сигурно да се заштитат од 'рѓосување. За деловите над земјата таква заштита се постигнува со премачкување со метално или неметално средство за бојосување, а за деловите во земјата — со премачкување со врел битумен без киселина или со друго средство со исто дејство.

X. ЧЕЛИЧНИ СТОЛБОВИ

1. Начин на пресметување на решеткави столбови

Член 281

Ако при пресметување на решеткави столбови силите што дејствуваат врз столбот не се паралелни со една страна на столбот, тие мораат да се растават на компоненти паралелни со страните на столбот.

Член 282

Појасниците (аголни стапови) на решеткавите столбови се пресметуваат на аритметичкиот збир на силите во односните стапови, кои се предизвикани со односните компоненти.

Член 283

Дијагоналите на решеткавите столбови се пресметуваат спрема силите предизвикани со онаа компонента што е паралелна со односната страна на столбот.

Член 284

Моментот на торзијата од надворешните сили на решеткавите столбови од правоаголен пресек може да се замени со два еднакви чифта сили што дејствуваат во меѓусебно паралелните страни на пресекот во рамнината на дејствувањето на торзиониот момент. Овој начин на пресметување може да се примени, ако односот на страните на пресекот изнесува најмногу 1,5, ако столбот има облик на зарабена пирамида и ако во рамнината на дејствувањето на торзиониот момент се вградени хоризонтални зацврстувања во рамките на пресекот на столбот.

Член 285

За појасниците (аголни стапови) кои според проектот се напрегнати со аксијални сили на притисокот, евентуалната ескцентричност на тие сили може да се занемари.

Член 286

За стаповите на исполнувањето, кои според проектот се напрегнати со аксијални сили на притисокот, ексцентричноста на тие сили може да се занемари и ако стапот се состои од еден аголник и ако тој на аголните стапови или на јазолниот лим е приклучен само со еден крак.

2. Конструктивни подробности

Член 287

Минималните дозволени димензии на носечките елементи на челичните столбови се наведени во таблица 8.

Таблица 8

Најмали димензии на носечките елементи

Елемент		Минимална димензија (mm)	
Аголници Плоскат челик неослабен		профил широчина b дебелина δ	30×30×3 30 3
Плоскат челик ослабен најмногу со една дупка за заковки или за вијци		широчина b дебелина δ	30 4
Безрабни цевки	ако влагата може да проникне во цевката	дебелина на ѕидот δ	4
	ако се сигурно заштитени од 'рѓосување или се исполнети со бетон	дебелина на ѕидот δ	2,5
Тркалезен челик за пренапрегнати дијагонали	во најниското поле	пречник d	8
	во другите полиња	пречник d	6
Заковки		пречник на дупката d_1	11
Вијци		пречник на навојот d	12
Варови	на составите на аголникот и плоскатиот челик	должина l дебелина на варот a	40 3
	на составите на цевките	должина l дебелина на варот a	40 2

Бидејќи најмалата димензија на вијкот е 12 mm, аголниците L 30×30×3 и плоскатиот челик широчина 30 mm можат да се спојуваат само со варење.

Член 288

Најголемите дозволени димензии на заковките и вијците зависни од широчината на краците на аголникот дадени се во тлаблица 9.

Таблица 9

Најголеми димензии на заковките и вијците

Аголници	Најмала широчина на кракот (mm)	35	45	50	60	70	75	80
Заковки	Пречник на дупката d_1 (mm)	11	14	17	20	23	26	29
Вијци	Пречник на навојот d (mm)	12	14	16	20	24	27	30
	Пречник на дупката d_1 (mm)	13	15	17	21	25	28	31

Член 289

Заковките мораат да ги исполнуваат условите предвидени со важечките југословенски стандарди.

Член 290

Вијците мораат да ги исполнуваат условите предвидени со важечките југословенски стандарди.

Член 291

Пропишаните растојанија за врски со помош на заковки односно вијци наведени се во таблица 10.

Таблица 10

Растојанија на заковките и вијците

Растојание	Најмало		Најголемо		
	редовно	исклучително	носечки врски		конструктивни врски
помеѓу две соседни заковки, без оглед на правецот на силата	3,0 d_1	2,5 d_1	6 d_1	или	8 d_1 20 δ
помеѓу два соседни вијака, без оглед на правецот на силата	4,0 d_1	4,0 d_1	6 d_1	или	8 d_1 20 δ
од средината на заковката (вијакот) до работ на елементот во правец на силата	1,8 d_1	1,5 d_1	3 d_1	или	4 d_1 8 δ
од средината на заковката (вијакот) до работ на елементот, вертикално на правецот на силата	1,5 d_1	1,25 d_1	3 d_1	или	4 d_1 8 δ

Член 292

При спојување на стапови со заварување треба да се води сметка тежиштето на варовите да се поклопува со тежишната линија на приклучениот стап.

Член 293

Изработка на дупки за заковки и за вијци со пробивање без дополнително провртување е дозволена само ако дебелината на елементот не преминува 8 mm во противно треба да се докаже со соодветни испитувања дека пробивањето и на подебели елементи задоволува.

Член 294

Навртките на вијците мораат да се обезбедат од одвртување (на пример со оштетување на навојот).

3. Дозволени напрегања и димензионирање

Член 295

Дозволените напрегања се наведени во таблица 11.

Таблица 11

Вид на напрегањето	Материјал	Дозволени напони во kp/cm²	
		нормално оптоварување	вонредно оптоварување
Затегање и свиткување	Č 0370, Č 0361	1600	2200
	Č 0561	2400	3300
Смолкнување за заковки и за обработени вијци	ČV 40	1600	2200
	ČV 50	2400	3300
Рабен притисок за заковки и за обработени вијци	Č 0370, Č 0361	4000	5500
	Č 0561	4800	6600
Смолкнување за необработени вијци	ČV 40	1100	1500
	ČV 50	1500	2100
Рабен притисок за необработени вијци	Č 0370, Č 0361	2500	3400
	Č 0561	3300	4600
Затегање на вијци	ČV 40	1100	1500
	ČV 50	1500	2100
За т... челично јаже	Č II	28[illegible]	4[illegible]
	Č III	4500	7000
	Č IV	5500	8800

Ако за изработка на челична конструкција се употреби материјал што не е предвиден во таблица 11 или не е изработен според југословенските стандарди, треба да се смета со соодветни напрегања, земајќи го предвид степенот на сигурноста 1,5 за нормално оптоварување, а 1,1 за вонредно оптоварување од гарантираната граница на развлекувањето на материјалот, односно треба да се применат коефициентите ω за соодветен материјал.

Член 296

Дозволените напрегања на варовите ϱ_{doz} спрема дозволеното напрегање σ_{doz} на материјалот кој се спојува со заварување наведени се во таблица 12.

Таблица 12

Дозволени напрегања на варовите

Вид на варот	Вид на напрегањето ϱ_{doz}	kp/cm²
Вар на челен состав	Затегање	0,75 σ_{doz}
	Притисок	0,85 σ_{doz}
	Свиткување	0,80 σ_{doz}
	Смолкнување	0,65 σ_{doz}
Вар во длабнатина	Сите видови напрегање	0,65 σ_{doz}

Член 297

За пресметување на варот во длабнатина во правец на силата може да се земе за должина на варот најмногу $l = 40a$.

Член 298

Елементите напрегнати на затегање мораат да го исполнуваат условот од следиот образец:

$$\frac{F_z}{S_n} \leq \sigma_{doz},$$

каде што е:

F_z = големина на силата на затегањето во kp,

S_n = површина на пресекот ослабена со дупки за заковки или за вијци во cm² кај обработени и необработени вијци,

σ_{doz} = дозволено напрегање според таблица 11.

Член 299

За дијагоналите од аголникот, што се споени само со една заковка или со еден вијак, се зема од образецот (член 298) за S_n само пресекот на приклучениот крак ослабен со дупка за заковка односно за вијак.

Член 300

Елементите напрегнати на притисок мораат да го исполнуваат условот од следниот образец:

$$\frac{\omega \cdot F_p}{S_{br}} \leq \sigma_{doz},$$

каде што е:

F_p = големина на силата на притисокот во kp;

S_{br} = површина на неослабениот пресек во cm²;

σ_{doz} = дозволено напрегање на затегање и на свиткување според таблица 11;

ω = коефициент на извивањето, кој зависи од витоста на стапот λ.

Коефициентите ω за разни материјали се наведени во таблиците 13 и 14.

Таблица 13

Коефициенти на извивањето ω за Č. 0370; Č 0361

λ	λ + 0	1	2	3	4	5	6	7	8	9	λ
20	1,04	1,04	1,04	1,05	1,05	1,06	1,06	1,07	1,07	1,08	20
30	1,08	1,09	1,09	1,10	1,10	1,11	1,11	1,12	1,13	1,13	30
40	1 14	1,14	1,15	1,16	1,16	1,17	1,18	1,19	1,19	1,20	40
50	1,21	1,22	1,23	1,23	1,24	1,25	1,26	1,27	1,28	1,29	50
60	1,30	1,31	1,32	1,33	1,34	1,35	1,36	1.37	1,39	1,40	60
70	1,41	1,42	1,44	1.45	1,46	1,48	1,49	1,50	1,52	1,53	70
80	1,55	1,56	1,58	1,59	1,61	1,62	1.64	1.66	1,68	1,69	80
90	1,71	1,73	1,74	1,76	1,78	1,80	1,82	1,84	1,86	1,88	90
100	1,90	1,92	1.94	1,96	1,98	2,00	2,02	2,05	2,07	2,09	100
110	2,11	2,14	2,16	2,18	2,21	2,23	2,27	2,31	2,35	2,39	110
120	2,43	2,47	2,51	2,55	2,60	2,64	2,68	2,72	2,77	2,81	120
130	2,85	2,90	2,94	2,99	3,03	3,08	3,12	3,17	3,22	3,26	130
140	3,31	3,36	3,41	3,45	3,50	3,55	3,60	3.65	3,70	3,75	140
150	3,80	3,85	3,90	3,95	4,00	4,06	4,11	4,16	4,22	4,27	150
160	4,32	4,38	4,43	4,49	4,54	4,60	4,65	4,71	4,77	4,82	160
170	4,88	4,94	5,00	5,05	5,11	5,17	5,23	5,29	5,35	5.41	170
180	5,47	5,53	5,59	5,66	5,72	5,78	5,84	5,91	5,97	6.03	180
190	6,10	6,16	6,23	6,29	6,36	6,42	6,49	6,55	6,62	6,69	190
200	6,75	6,82	6,89	6,96	7,03	7,10	7,17	7,24	7,31	7,38	200
210	7,45	7,52	7,59	7,66	7,73	7,81	7,88	7,95	8,03	8,10	210
220	8,17	8,25	8,32	8,40	8,47	8,55	8,63	8,70	8,78	8,86	220
230	8,93	9,01	9,09	9,17	9,25	9,33	9,41	9,49	9,57	9,65	230
240	9,73	9,81	9,89	9,97	10,05	10,14	10,22	10,30	10,39	10,47	240

250 10,55 Меѓувредностите не е потребно да се интерполираат

Таблица 14

Коефициенти на извивањето ω

λ	λ + 0	1	2	3	4	5	6	7	8	9	λ
20	1,06	1,06	1,07	1,07	1,08	1,08	1,09	1,09	1,10	1,11	20
30	1,11	1,12	1,12	1,13	1,14	1,15	1,15	1,16	1,17	1,18	30
40	1,19	1,19	1,20	1,21	1,22	1,23	1,24	1,25	1,26	1,27	40
50	1,28	1,30	1,31	1,32	1,33	1,35	1,36	1,37	1,39	1,40	50
60	1,41	1,43	1,44	1,46	1,48	1,49	1,51	1,53	1,54	1,56	60
70	1,58	1,60	1,62	1,64	1,66	1,68	1,70	1,72	1,74	1,77	70
80	1,79	1,81	1,83	1,86	1,88	1,91	1,93	1,95	1,98	2,01	80
90	2,05	2,10	2,14	2,19	2,24	2,29	2,33	2,38	2,43	2,48	90
100	2,53	2,58	2,64	2,69	2,74	2,79	2,85	2,90	2,95	3,01	100
110	3,06	3,12	3,18	3,23	3,29	3,35	3,41	3,47	3,53	3,59	110
120	3,65	3,71	3,77	3,83	3,89	3,96	4,02	4,09	4,15	4,22	120
130	4,28	4,35	4,41	4,48	4,55	4,62	4,69	4,75	4,82	4,89	130
140	4,96	5,04	5,11	5,18	5,25	5,33	5,40	5,47	5,55	5,62	140
150	5,70	5,78	5,85	5,93	6,01	6,09	6,16	6,24	6,32	6,40	150
160	6,48	6.57	6,65	6,73	6,81	6,90	6,98	7,06	7,15	7,23	160
170	7,32	7,41	7,49	7,58	7,67	7,76	7,85	7,94	8,03	8,12	170
180	8.21	8 30	8,39	8,48	8,58	8,67	8,76	8,85	8,95	9,05	180
190	9,14	9,24	9,34	9,44	9,53	9,63	9,73	9,83	9,93	10,03	190
200	10.13	10,23	10,34	10,44	10 54	10,65	10.75	10,85	10,96	11 06	200
210	11,17	11,28	11,38	11,49	11,60	11,71	11.82	11,93	12,04	12,15	210
220	12,26	12.37	12,48	12.60	12,71	12,82	12.94	13.05	13,17	13,28	220
230	13.40	13,52	13,63	13,75	13,87	13,99	14,11	14,23	14,35	14,47	230
240	14,59	14,71	14.83	14,96	15,08	15,20	15,33	15,45	15,58	15,71	240

250 15,83 Меѓувредностите не е потребно да се интерполираат

Член 301

Витоста на стаповите се одредува според следниот образец:

$$\lambda = \frac{l_i}{i},$$

каде што е: l_i = должина на извивањето на стапот,
i = полупречник на инерцијата одреден со

$$i = \sqrt{\frac{J}{S}}$$

каде што е: J = момент на инерцијата на неослабен пресек (cm^4)
S = површина на неослабениот пресек (cm^2).

Член 302

За должина на извивањето на аголните стапови се зема системната должина на стапот, ако краиштата на стаповите се обезбедени од бочни поместувања.

Член 303

За должина на извивањето на дијагоналите се зема 0,90 од системната должина на стапот, ако дијагоналите се споени на аголни стапови со најмалку две заковки или два вијака, односно со заварена врска од еднаква цврстина и ако пресекот на дијагоналата е помал од пресекот на припадниот аголен стап.

Член 304

За должина на извивањето на крстосани дијагонали, од кои едната е напрегната на затегање а другата на притисок, се зема должината на стапот од точката на крстосувањето, под услов дијагоналите меѓусебно да се споени најмалку со една заковка или со еден вијак односно со соодветна заварена врска.

Член 305

Ако извивањето на стапот поради прицврстување во границите на должината на извивањето е врзано за некој одреден правец, се зема моментот на инерцијата со оглед на оската која е вертикална на тој правец. Ако извивањето не е врзано за одреден правец, се зема најмалиот момент на инерцијата.

Член 306

Елементите напрегнати со истовремено дејствување на силата на притисокот F_p и на моментот на свиткувањето M, на кои работ на затегањето му е поблизок на тежиштето на пресекот отколку работ на притисокот, мораат да го исполнуваат условот од следниот образец:

$$\omega \frac{F_p}{S_{br}} + 0{,}9 \frac{M}{W_p} \leq \sigma_{doz}$$

Ако, меѓутоа, работ на притисокот му е поблизок на тежиштето на пресекот отколку работ на затегањето, покрај наведениот услов мора да биде исполнет и условот од следниот образец:

$$\frac{E_p}{S_{br}} + \frac{300 + 2\lambda}{1000} \cdot \frac{M}{W_r} \leq \sigma_{doz}$$

Ако рабовите на затегањето и на притисокот се еднакво оддалечени од тежиштето на пресекот, мора да биде исполнет само условот од образецот наведен во став 1 на овој член. Во обата обрасца од овој член е:

ω, F_p и S_{br} — како во член 300 на овој правилник;

W_p и W_r = моменти на отпорот на неослабениот пресек кои се однесуваат на работ на притисокот односно на работ на затегањето (cm^3);

λ = витост на стапот во рамнината на дејствувањето на моментот;

σ_{doz} = дозволено напрегање според таблица 11.

При тоа потребно е да биде исполнет и следниот услов:

$$\frac{F_p}{S_{br}} + \frac{M}{W} \leq \sigma_{doz}$$

Член 307

При пресметување на споеви со заковки или со вијци за одредување на напрегањето на смолкнување и на ободен притисок, за заковки и за обработени вијци се зема пречникот на дупката, а за необработени вијци пречникот на навојот.

4. Пресметување на повеќеделните стапови напрегнати на притисок

Член 308

За повеќеделни стапови напрегнати на притисок, витоста на еден елемент на стапот не смее да биде поголема од 50.

Член 309

За пресметување на повеќеделните стапови напрегнати на притисок, се зема должината на извивањето за материјалната оска (x — x) како за едноделен стап, а за нематеријалната оска (y — y) идеалната витост според следниот образец:

$$\lambda_{y\,id} \sqrt{\lambda_y^2 \frac{m}{2} \lambda_1^2}$$

каде што е: m = број на елементите на повеќеделен стап;
λ_y = витост на повеќеделен стап за оската y — y;
λ_1 = витост на еден елемент на должината помеѓу две врзалки.

Член 310

Повеќеделните стапови мораат да ги исполнуваат следните услови:

$$\frac{\omega_x \cdot F_p}{S_{br}} \leq \sigma_{doz} \quad \text{и} \quad \frac{\omega_{y\,id} \cdot F_p}{S_{br}} \leq \sigma_{doz},$$

каде што е: ω_x = коефициент на извивањето на витост λ_y за материјална оска,
$\omega_{y\,id}$ = коефициент на извивањето на идеална витост λ_y за нематеријална оска,
F_p, S_{br} и σ_{doz} — како во член 300 на овој правилник.

Член 311

Врзалките на повеќеделните стапови мораат да се предвидат најмалку во третински точки на должината на извивањето, како и на краиштата на стапот, ако таа функција на краиштата на стапот не је преземаат јазолни лимови.

Член 312

Врзалките мораат да се приклучат на секој елемент со најмалку две заковки во третински точки, а со најмалку три заковки на краиштата на стапот. Тие приклучоци можат да се извршат со соодветен заварен спој.

Член 313

За приклучок на врзалки смеат да се употребат вијци само на местата на кои е неможно да се постават заковки. За тој случај треба да се предвидат обработени вијци.

Член 314

Сите врзалки и нивните приклучоци мораат да се пресметаат на идеална напречна сила на стапот $F_{q\,id}$, според следниот образец:

$$F_{q\,id} = \frac{\omega_{y\,id} \cdot F_p}{80},$$

каде што е: ω_{yid} и F_p — како во член 300 на овој правилник.

5. Столбови од цевки

Член 315

За изработка на столбови можат да се употребат челични цевки.

Член 316

За вклештени столбови изработени од една цевка или од соодветен полигонален пресек, дозволените напрегања на затегање и на свиткување од таблица 11 се намалуваат со коефициентот 0,90 за нормално оптоварување, а со коефициентот 0,80 за вонредно оптоварување.

Член 317

За столбови од цевки исполнети со бетон, елементите напрегнати на притисок мораат да го исполнуваат условот од следниот образец:

$$\frac{\omega_{id} \cdot F_2}{S_{id}} \leq \sigma_{dop}$$

каде што е: S_{id} = идеална површина на пресекот според следниот образец:

$$S_{id} = S_c + \frac{S_b}{n}$$

каде што е: S_c = површина на пресекот на челична цевка (cm^2);

S_b = површина на пресекот на бетонот (cm^2);

n = однос на модулот за еластичност на челикот и бетонот

се зема $n = \frac{E_c}{E_b} = 10$;

ω_{id} = коефициент на извивањето за идеалната витост λ_{id} која се одредува според следниот образец:

$$\lambda_{id} = \frac{l_i}{\sqrt{\frac{J_{id}}{S_{id}}}}$$

каде што е: l_i = должина на извивањето на стапот;

J_{id} = идеален момент на инерцијата на стапот (cm^4), кој се одредува според следниот образец:

$$J_{id} = J_c + \frac{J_b}{n},$$

каде што е: J_c = момент на инерцијата на пресекот на челичната цевка (cm^4),

J_b = момент на инерцијата на пресекот на бетонот (cm^4),

F_p и σ_{dop} — како во член 300 на овој правилник.

За овој начин на пресметување мора да биде исполнет условот дека е

$$\lambda_{id} \geq 50.$$

Член 318

Марката на бетонот за исполнување мора да биде најмалку МВ 300. Бетонот мора да биде вграден со вибрирање или под притисок.

6. Решеткави столбови со преднапрегнати дијагонали

Член 319

На решеткави столбови со преднапрегнати дијагонали преднапрегањето на затегање мора да се движи во границите од 200 до 600 kp/cm².

Член 320

Големината на преднапрегањето мора да се контролира при изработката на столбовите.

Член 321

Минималните димензии на преднапрегнатите дијагонали се наведени во таблица 8 од член 287 на овој правилник.

Член 322

Преднапрегање на дијагонали може да се изведе со загревање или по механички пат.

7. Заштита од 'рѓосување

Член 323

Челичните столбови мораат да се заштитат од 'рѓа според Правилникот за техничките мерки и услови за заштита на челичните конструкции од корозија (Службен лист на СФРЈ", бр. 32/70).

Член 324

За деловите на челични столбови што се над земјата заштита од 'рѓосување може да се постигне со заштитно премачкувачко средство против 'рѓа или со метални превлаки.

Член 325

За превлаки од цинк треба да се примени поцинкување со топла постапка, ако обликот на челичните делови тоа го дозволува. За поцинкување ди м д р б м р ф р м - луршки цинк.

Член 326

Дополнителна обработка на навои на вијци и навртки поцинкувани со топла постапка не е дозволена.

Член 327

Челичните делови што лежат во земјата треба да се премачкаат со врел битумен или со некое друг д к р д дејство.

Член 328

Челичните делови што се наоѓаат во бетонот не е потребно да се заштитат од 'рѓа. Не е дозволено премачкување на акв. елементи делови со заштитни средства што го намалуваат прилепувањето на бетонот и челикот, ако тоа не е земено предвид при пресметувањето.

Член 329

Ако се употребува маслена боја или битуменско премачкувачко средство, треба да се одбегнува бојосување на столбот по влажно време.

Член 330

Деловите на челични столбови треба да се составуваат така што ќе се добијат површини на се составуваат прек свежа боја.

Член 331

Пред нанесувањето на заштитното средство против 'рѓа, сите челични делови треба грижливо да се очистат.

Член 332

На столбови од челични цевки, сите варови мораат да бидат непропусни за да се избегне проникнување на влага во цевките. Ако цевките не се непропусно затворени, внатрешните ѕидови на цевките треба да се премачкаат со битумен или со други заштитни средства со исто дејство.

XI. АРМИРАНОБЕТОНСКИ СТОЛБОВИ

1. Општи одредби

Член 333

Одредбите на оваа глава се однесуваат на пресметување и изработување на сите познати и нови типови на армиранобетонски столбови и ногалки за столбови на надземни електроенергетски водови.

Член 334

За пресметување и изработување на столбови важат Правилникот за техничките мерки и услови за преднапрегнат бетон („Службен лист на СФРЈ", бр. 51/71) и Правилникот за техничките мерки и услови за бетон и армиран бетон („Службен лист на СФРЈ", бр. 51/71), ако со овој правилник не е одредено поинаку.

2. Димензионирање и конструирање на столбови

Член 335

Силите и моментите за димензионирање треба да се пресметаат по начелата на статиката со тоа што при тоа се земаат предвид сите влијанија што можат да се појават поради пропишаните и евентуално други оптоварувања, како и при пренесување и подигање на столбовите.

Член 336

Четириаголните и правоаголните полни, развиени и шупливи косо оптоварени столбови, можат да се пресметаат за компоненти во правец на симетралата или во правец на дијагоналите на пресекот, според тоа на кој правец му е најблиска резултантата. Во тој случај напрегањата се одредуваат со аритметичко суперпонирање.

Армиранобетонските решеткави столбови се пресметуваат како и другите решеткави столбови.

Член 337

За вертикални леани столбови димензионирањето на укотвувањето и на наставките на преклоп на главната арматура треба да се предвиди со должини 50% поголеми од пропишаните должини.

Оваа мера треба да се зголеми најмалку за 100% за укотвување на арматурата на столбот во темелите, ако не се предвидува посебно поефикасно обезбедување.

Член 338

Ако столбовите треба да се димензионираат за пренос, подигање и сл., напрегањата на материјалот што при тоа настануваат не смеат да ги пречекорат дозволените напрегања пропишани за вонредните оптоварувања.

Член 339

Дозволените напрегања на бетонот и челикот за армиранобетонски столбови наведени се во таблица 15. Ако се употребат други видови челици, треба да се поднесат докази за нивната цврстина и да се смета со следниот степен на сигурноста, и тоа:

1) 2,5 за нормални оптоварувања,
2) 2,0 за вонредни оптоварувања.

Таблица 15

Дозволени напрегања на бетонот и челикот

Пресек без оглед на обликот	Бетон								Челик					
	МВ 200				МВ 300				Č 0200 Č 0200 V		Č. 0501 Č. 0501 V		ČBR 40/50	
	Напрегања на притисок kp/cm²								Напрегања на затегање kp/cm²					
	тежишно		рабно		тежишно		рабно							
	A	B	A	B	A	B	A	B	A	B	A	B	A	B
Пресеци на височината помалку од 12 cm	45	60	65	85	65	85	90	115	1600	1900	1900	2400	2200	2900
Пресеци на височината најмалку 12 cm	55	70	80	105	80	105	120	155						

A — нормално оптоварување

B — вонредно оптоварување

Член 340

Бетонот за изработка на масивни столбови не смее да биде од марка пониска од МВ 200, а бетонот за столбови на развиени, шупливи или перфорирани пресеци и на решеткави конструкции, како и за сите монтажни делови не смее да биде од марка пониска од МВ 300.

Член 341

Сите напрегања на затегање треба да ги преземе во целост арматурата. Косите главни напрегања можат да изнесуваат најмногу една половина од дозволените вредности за односната марка на бетонот.

3. Изработка на столбови

Член 342

При изработката на бетон за столбови, покрај пропишаната цврстина за односната марка на бетонот, треба да се обезбеди и прилепување на бетонот и челикот од најмалку 7,0 kp/cm².

Член 343

Бетонот треба да се меша со машина. По исклучок, може да се примени рачно мешање за изработка на столбови на тежок терен.

Член 344

Бетонот при вградување за сите столбови мора да се набави по машински пат: со вибратори, первибратори, центрифугирање или со друга општоусвоена постапка. По исклучок, масивни леани столбови можат да се набиваат рачно.

Член 345

Готовите површини на бетонот, по симнување на оплата, мораат да бидат мазни, без шупликави места и гнезда. Случајните рапавости, шуплини, гнезда и сл. треба да се поправат непосредно по симнување на оплатата.

Член 346

Готовите столбови треба да се пренесуваат и да се подигаат така што столбовите да не се оштетат и да не бидат изложени на оптоварувања за кои не се димензионирани. Случајните помали оштетувања неизоставно треба да се поправаат, а столбовите што се оштетени во толкава мера што да е загрозена нивната стабилност треба да се исклучат од употреба.

Член 347

Ако заради зголемување на непропустливоста на надворешната површина или заради подобар изглед столбовите се премачкуваат (пачокираат) или се прскаат со цементно млеко, тоа треба да се изврши непосредно по симнување на оплатата.

Член 348

При изработката на столбови постојано треба да се прават пробни коцки, и тоа на терен најмалку за секој петти столб, а во фабрика најмалку за секој дваесетти столб.

Член 349

Делови од бакар, цинк и алуминиум не смеат да се вградуваат во бетон. ниту да бидат во допир со бетонот. Поцинкуван челик е дозволен.

Член 350

Ако за качување на столб се предвидени фиксни качувалки од бетонски челик, тие не смеат да бидат со пречник помал од 18 mm и мораат да бидат заштитени од 'рѓосување. Првата качувалка не може да се наоѓа пониско од 2,50 m над темелот.

XII. УКОТВУВАЊЕ НА СТОЛБОВИ

Член 351

Укотвување на столбови е дозволено под следните услови:

1) конструктивното решение на укотвениот столб, без оглед на неговиот материјал, мора да биде такво што распределбата на оптоварувањето врз укотвувањето и другите делови на столбот да остане главно запазена и при евентуално мало попуштање на укотвувањето;

2) укотвувањата на незаземјените дрвени столбови мораат да имаат изолациона влошка, чиј степен на изолација му одговара на степенот на изолацијата на водот;

3) укотвувањето треба да се изработи од поцинкувано челично јаже со пресек најмалку 25 mm² при што одделни жици од јажето не смеат да бидат потанки од 2 mm, или од полн тркалезен челик со пречник најмалку 8 mm.

Дозволените напрегања треба да се земат од таблица 11 од член 295 на овој правилник;

4) длабочината на укотвувањето мора да биде таква што степенот на сигурноста на кубење на укотвувањето да биде најмалку 1,5.

Аголот на површината на обвивката на земјеното тело треба да се земе од таблица 16 од член 361 на овој правилник. Ако постои можност од дејство на узгон, мора да се смета со него.

XIII. ТЕМЕЛИ

1. Општи одредби

Член 352

Зацврстувањето на столбовите на надземните водови во почвата мора да се изврши така што да биде обезбедена доволна стабилност и спречено недозволеното поместување на столбовите при предвиденото оптоварување. Покрај геомеханичките карактеристики на почвата, треба да се земат предвид и силите што дејствуваат врз деловите на конструкцијата под површината на почвата (притисок на почвата, триење, потисок на водата и слично).

Член 353

Карактеристиките на почвата и нејзината носивост, по потреба ги утврдуваат специјализирани лаборатории и институти, а по исклучок соодветни комисии на стручњаци.

Член 354

За пресметувањето и изработката на темелот на столбот на надземните водови важат Правилникот за техничките мерки и услови за бетон и армиран бетон и Правилникот за техничките мерки и услови за преднапрегнат бетон, ако со овој правилник не е одредено поинаку.

Член 355

Димензиите на темелите на столбот треба да се пресметаат по методите што се засноваат врз практично испитување на слични темели.

Член 356

Ако темелите на столбот лежат непосредно покрај страните или во страните на стрмни падини или во водоплавни подрачја, при пресметувањето мора да се води сметка за тоа за да се постигне истата сигурност како за темелите на рамен терен.

2. Фундирање на дрвени столбови

Член 357

Прости и двојни дрвени столбови, ако немаат некое особено фундирање, се вкопуваат во почва од среден вид со најмалку 1/6 од нивната вкупна должина, но не помалку од 1,60 m, ако според пресметките не е потребна поголема длабочина на вкопувањето. Јамата околу столбот треба да се исполни со материјалот на ископот со цврсто набивање во пластови не повисоки од 30 cm. Како среден вид почва можат да се сметаат почвите наведени во таблица 16 под C и F од член 361 на овој правилник.

Член 358

Заради постигање на потребната стабилност, столбовите, по потреба, можат да се вклештат во почвата со помош на два венца од крупен и цврст камен или со помош на хоризонтални дрвени трупци на дното и на третината на вкопувањето. Дебелината на камените венци односно на трупците треба да ѝ биде приближно еднаква на дебелината на вкопаниот дел на столбот (слика 2).

Таблица 16

КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПОЧВАТА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТЕМЕЛИТЕ

1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11
Група	Вид на почвата	Волуменска тежина-γ kp/m^3	Дозволен притисок врз почвата-δ_{dop} kp/cm^2	Константа на почвата С на длабочина од 2,0m kp/cm^3	Агол на внатрешното триење на почвата—φ: За темели во здравица—,	Агол на внатрешното триење на почвата—φ: За темели во насип—β	Агол на површината на земјиното тело	$E \cong tg^2\left(45° + \frac{\varphi}{2}\right)$	$\gamma \cdot E$ t/m^3	Коефициент на триењето помеѓу бетонот и почвата—ϱ
А	Тресет, кал и на тоа слично	650	до 0 2	0,5 до 1	до 5°	до 3°	до 2°	до 2,8	до 1,3	0 1 до 0,2
Б	Хумус, ораници, лозја	1500	до 0,5	1,2	3° до 10°	3° до 8°	25°	2,5	3,7	0,2 до 0 3
	Насипи од лесна земја	1600	до 1,0				25°	2,5	4,0	0,2 до 0,3
	Влажен ситен песок	1700					30°	3,0	5,1	0 3 до 0,4
	Мека влажна иловица или глина			2 до 4			25°	2,5	3,5	0 3 до 0,4
Ц	Средно цврста сува иловица или глина		до 2,0	5 до 8	8° до 13°	6° до 11°	30°	3,0	5,1	0 3 до 0,4
	Сув ситен песок			6 до 9						0,3 до 0,4
Д	Цврсто сталожена сува иловица или глина		до 3,0	10	12° до 17°	10° до 15°	35°	3,7	6,3	0,3 до 0,4
	Крупен чакалест песок			11 до 13						0,3 до 0,4
Е	Цврсто сталожен крупен зрнест песок		до 4,0	13 до 16	15° до 20°	12° до 17°	40°	4,6	7,8	0.3 до 0 4
	Средно цврст лапор				20° до 25°	15° до 20°				0,3 до 0,5
Ф	Цврсто сталожен чакал и дробина		до 5,0							0,4 до 0,5
	Цврст сув лапор				25° до 30°	20° до 25°	45°	5,8	9,9	0,4 до 0,6
Г	Немонолитна или посилно распукана помалку цврста карпа (песочник, варовник и сл.)	2200	до 10,0	Неограничено	—	—	—	—	—	—
	Мошне тврд здрав лапор во поголеми пластови									
Х	Монолитна или незначително распукана цврста здрава карпа во поволно положени пластови	2400	до 20,0		—	—	—	—	—	—
И	Монолитна компактна и здрава еруптивна карпа	2600	до 30,0		—	—	—	—	—	—

Константата на почвата С треба да се одбере според збиеноста и квалитетот на почвата во рамките на наведените вредности. За влажна и помалку збиена почва треба да се земат пониски вредности, а за сува и посилно збиена — поголеми. За Сулцберговиот начин на сметање, константата на почвата С треба да се пресмета на цифрата на постелката C_b за дното на јамата според обрасците $C_b = m \cdot Ch$; $Ch = \frac{h}{2,0}$, каде што е m = 1,0 до 1,2, а h = длабочина на вкопувањето на темелите.

Помалите вредности на аголот β важат за послабо кохерентна почва, а поголемите — за мошне кохерентна и цврсто набиена почва.

Помалите вредности на коефициентот на триењето ϱ важат за бетон во оплата, а поголемите — за бетон без оплата.



Слика 2

Член 359

Околу столбот почвата треба цврсто да се набие и површината да се израмни во пад со потребното надвишување за да се спречи по сталожување на насипот да се создадат вдлабнатини во кои би се собирала дождовница. На тоа место не е дозволено да се нафрлаат камења.

Член 360

А-столбовите мораат да бидат стабилни за силите во рамнината на столбот, како и за силите вертикални на таа рамнина.

Член 361

За А-столбови со клешти при дното и со плочи во темелот (на пр. решетки од прагови), најголемиот притисок врз почвата не смее да ги пречекори вредностите дозволени во таблица 16. Од спротивната страна од затегањето, тежината на земјата што ја оптоварува плочата заедно со вертикалните сили на столбот мора да биде во рамнотежа со силите на затегањето во рамнината на столбот, со сигурност од најмалку 1,2.

Член 362

Ако како плоча за темел се применува решетка од прагови, растојанието на праговите до 15 cm не се зема предвид, освен при сметање на притисокот врз почвата.

За наклонот на страниците на земјената почва која го оптоварува темелот важи член 382 од овој правилник.

Член 363

Начинот на пресметувањето наведен во член 361 на овој правилник важи и за А-столбови со клешти при дното без темелни плочи, со тоа што како подлога за земјата која го оптоварува темелот, како и за одредување на притисокот врз почвата, на страната на притисокот се зема 1/4 од површината на клештите при дното, сметајќи од нивниот крај.

Чл 64

За ногалки на столбови, што се употребуваат заради продолжување на трајноста или за зголемување на стабилноста на дрвени столбови, важат одредбите на овој правилник.

Член 365

Ногалките на столбовите мораат да бидат изработени од материјал отпорен спрема агресивното дејство на почвата. Употреба на дрвени ногалки е дозволена само ако тие се заштитени од гниење со некои од методите во смисла на чл. 275 до 280 на овој правилник.

Член 366

Во поглед на ногалките од армиран бетон важат одредбите од овој правилник што се однесуваат на столбови од армиран бетон.

Член 367

Врската помеѓу дрвените столбови и ногалките мора да се изведе така што никаде да не се собира вода, воздухот и светлоста да имаат пристап до дрвото и овлажената дрво да може брзо да се осуши.

Член 368

Димензиите и конструкциите на врската помеѓу ногалките и столбот мораат да бидат статички беспрекорни и да имаат единствен пренос на сили.

Чле 369

За материјалот на ногалките за столбови и за делови на врските со столбот, освен за вијците оптоварени на смолкување, важат дозволените напрегања за столбовите односно за темелите зависно од материјалот од кој се изработени.

Член 370

Деловите на врската со столбот од челик Ч.0370, кои се оптоварени на смолкнување, се димензионираат според таблица 7 од член 264 на овој правилник. Вијците повторно треба да се притегнат кога ќе се осуши дрвото.

Член 371

Бидејќи стабилноста на ногалките на столбовите се заснова речиси исклучиво врз вклештување во почвата, за димензионирањето на ногалките е меродавен условот да бидат избегнати недозволените поместувања на конструкцијата во смисла на член 377 на овој правилник.

3. Фундирање на челични и армиранобетонски столбови

Член 372

Челичните и армиранобетонските столбови мораат да имаат бетонски темели односно стапки од плочи или од прагови, кои треба да се димензионираат така што притисокот врз почвата да не ја премине дозволената вредност за односниот вид на почвата. Отстапување од оваа одредба е дозволено за армиранобетонски столбови и за ногалки на дрвени столбови, што можат да се фундираат со директно вкопување, ако нивната сигурност е докажана со сметање.

Член 373

Начинот на изработката и обликот на темелите (плитко или длабоко фундирање, призматични или степенести темели, темели од плочи или од прагови, расчленети темели, фундирање на шипови и сл) мораат да се одберат така што да им одговараат на постојните услови на конкретниот вод (на широчината на основата на столбот, на големината на нападните сили и моменти, на квалитетот на теренот, како и — во одделни случаи — на тешкотиите за довоз на материјали и за изведување на работи, како што се црпење вода, подградување и сл.).

Член 374

Пред утврдувањето на димензиите на големи темели треба со пробно дупчење или копање да се утврдат видот, состојбата и положбата на одделни пластови и да се испитаат особините на почвата, како и агресивноста на почвата и подземните води.

Член 375

Дното на темелите, по можност, треба да се предвиди во појак пласт на почва со добра носивост, а во секој случај — на длабочина заштитена од мраз.

Член 376

Стабилноста на столбот се смета како доволна ако неговиот степен на сигурност од превртување, под дејството на најголемиот момент на надворешните сили за нормални случаи на оптоварување, ѝ одговара на вредноста која се добива од дијаграмот на слика 3, земајќи го предвид односот

$$\frac{b}{h} = \frac{\text{широчината на темелите вертикално на рамнината на моментот}}{\text{длабочината на фундирањето}}$$

За моментите што настануваат во вонредни случаи на оптоварување, така добиениот степен на сигурност може да се намали за 15%.



Слика 3

Член 377

За темелите со b: n<1, за утврдувања на најголемиот дозволен момент, за нормални и за вонредни случаи на оптоварување, смее да се претпостави како дозволено навалување на темелите 1 : 100. Со примена на степенот на сигурноста по дијаграмот на слика 3, тој услов е исполнет и посебното проверување може да изостане. Тој дијаграм се употребува при пресметување на темелите според методата на Kleinlogel и Bürklin.

Член 378

За бетонски темели чија горна површина не досега до површината на почвата туку лежи најмногу на 50 cm под површината на почвата, заради поедноставно сметање може да се претпостави дека темелот досега до површината на почвата.

Член 379

При пресметувањето на темелите мораат да се употребат константи што ѝ одговараат на состојбата на почвата на градилиштето (дозволен притисок врз почвата, константа на почвата, отпор на триењето помеѓу бетонот и почвата и сл.). Притисоците врз почвата дозволени за нормални случаи на оптоварување при вонредно оптоварување можат да се зголемат за 20%.

Член 380

Карактеристиките за разни видови почва треба да се земат од таблица 16 од член 361 на овој правилник, ако со испитувањето не се утврдени други вредности.

Член 381

При пресметување на бетонски темели тежината на неармиран бетон, треба да се земе во сметка со најмногу 2200 kp/m³, а на армиран бетон — со најмногу 2300 kp/m³, по исклучок од волуменските тежини предвидени со Привремените технички прописи за оптеретување на згради кои се составен дел на Решението за Привремените технички прописи за оптеретување на згради („Службен лист на ФНРЈ", бр. 61/48).

Член 382

Тежината на почвата треба посебно да се земе од таблица 16 од член 361 на овој правилник ако со испитувањето не се утврдени други вредности. За одредување на тежината на почвата што го оптоварува темелот, треба да се земе земјеното тело омеѓено со обвивка под агол β од вертикалната страна на призматичниот темел односно од работ на стапката на темелот, според слика 4.



Слика 4

Член 383

Ако помине подолго време од ископување на јамата до бетонирањето на темелите, особено при неповолни климатски услови, пред бетонирањето треба да се провери дали почвата ги задржала првобитно оценетите карактеристики.

Ако карактеристиките на почвата во меѓувреме се влошиле, треба да се усогласат димензиите на темелите со новите услови.

Член 384

Напрегањето на бетонот на неармирани темели не смее да ги надминува максималните вредности наведени во таблица 17.

Таблица 17

	Притисок	Затегање
Оптоварување на столбови	од цврстината на коцката на притисок по 28 дена	
За нормално оптоварување	1/4 но најмногу 50 kp/cm²	1/20 но најмногу 4 kp/cm²
За оптоварување при прекин на спроводници	1/3 но најмногу 60 kp/cm²	1/16 но најмногу 5 kp/cm²

Член 385

За пресметување на темелите се дозволени методите на Sulzberger, Kleinlogel и Bürklin, додека други методи се дозволени само ако ги исполнуваат условите предвидени со одредбите на овој правилник.

Член 386

За темели од плочи или прагови, за расчленети и поделени темели, за темели на шипови или за темели од друг облик, кои не се пресметуваат по методите наведени во член 385 на овој правилник, степенот на сигурноста од превртување мора да биде најмалку 1,5 а од поместување — најмалку 1,0.

Член 387

При пресметување на расчленети темели тежината на почвата треба да се земе според член 380, а тежината на темелите — според член 381 на овој правилник.

Член 388

Ако во пресметувањето на расчленети темели се занемарува триењето при извлекувањето на темелите, за тежина на почвата треба да се земе тежината на земјената почва според член 382 на овој правилник.

Член 389

Ако при пресметување на расчленети темели се зема предвид и триењето, за тежина на почвата треба да се земе тежината на земјената почва со вертикалните страни, на која базата ѝ е темелната плоча. При пресметување на триењето треба да се земе вредноста на активниот притисок на почвата за сигурност од поместување, а 0,9 од вредноста на пасивниот притисок на почвата за сигурност од превртување, со вредностите на коефициентите на триењето и на аголот на внатрешното триење од таблица 16 (член 380), ако не се добиени други вредности на местото на фундирањето на столбот.

Член 390

При пресметување на расчленети темели треба да се провери дали конструкцијата на столбот дозволува односно овозможува хоризонталната сила да се пренесува рамномерно врз сите темели и дали поради таа сила хоризонталниот притисок врз почвата не е поголем од дозволените вредности.

Член 391

Напрегањето на бетонот на расчленети темели, ако тие не се армирани, треба да ги исполни условите од таблица 17 од член 384 на овој правилник, а ако се армирани — условите од чл. 74 и 77 на Правилникот за техничките мерки и услови за бетон и армиран бетон.

Член 392

Косо оптоварените блок-темели, за кои правецот на резултантата на нападните сили ѝ е поблизок на симетралата отколку на дијагоналата на темелите, дозволено е да се пресметаат за поголемата компонента во правецот на симетралата. Ако правецот на резултантата ѝ е поблизок на дијагоналата на темелите, таквиот темел може да се пресмета за резултанта свртена во правец на поблиската симетрала, или за двете компоненти во правец на симетралата, при суперпонирање на резултатите, со тоа што суперпонираните вредности да не смеат да преминуваат 4/3 од дозволениот притисок врз почвата.

Член 393

Темелите во здрава или помалку испукана карпа не е потребно да се пресметаат на притисок врз почвата ниту на превртување. Димензионирањето може да се изврши според пресекот на столбот во основата, односно според конструкцијата на укотвувањето во темелот и според можноста за изработка на ископ на јама до потребната длабочина и за исполнување на преостанатиот простор со бетон.

Член 394

Ако има подземна вода во некохерентната почва мора да се земе предвид намалувањето на тежината поради потисок.

Член 395

За столбови оптоварени со вертикални сили наугоре, при димензионирање на темелите мора да се земе предвид намалената сигурност од превртување поради ненамален притисок врз дното на јамата за темел.

Член 396

Ако бетонскиот темел се состои од плочи на дното и од горниот дел кој се бетонира по вградување на столбот, плочата смее да се земе во сметка при димензионирањето на темелот само ако со соодветна арматура е сврзана со горниот дел.

Член 397

За неармирани темели бетонот не смее да биде од марка пониска од МВ 100, а за армирани темели — од марка пониска од МВ 150 со најмалку 250 kg цемент на 1,0 m³ темел. За набивање на бетонот се препорачува употреба на первибратор. За изработка на темели не се дозволува употреба на бетон кој со стареењето ја губи цврстината на пример на бетон изработен од цемент на Lafarge.

Член 398

Во бетонот на масивни темели е дозволено да се вгради до 25% здрав и чист камен. Поголемата тежина на каменот во однос на тежината на бетонот не се зема предвид при пресметување на димензиите и на стабилноста на темелите. Во истакнатиот дел на неармирани степенести темели и зад коренот на стапката во широчина до половината на неговата слободна широчина, не е дозволено вградување на камен (слика 4).

Член 399

Масивни темели можат да се изведуваат така што на 15 cm дебел пласт свеж бетон марка МВ 100 да се нафрлува камен и каменот да се сложува во пластови до најмногу 30 cm и да се залева со редок цементен малтер мешавина 1 : 5 до целосното исполнување на сите шуплини.

Во помалку пропустлива почва е потребно да се сложува каменот во претходно налеан пласт редок цементен малтер со повторување на постапката до 15 cm под врвот на јамата Тој остаток треба да се израмни со пласт бетон марка ВМ 100.

Постапката од став 1 на овој член не смее да се применува врз степенести и врз армирани темели.

Член 400

Височината на стапката во коренот на степенестите темели од неармиран бетон мора да ѝ биде еднаква на 1,5-катна широчина на истакнатиот дел на стапката (слика 4).

Член 401

Во блок-темелот на решеткави столбови од голема широчина изработени во едно парче во средината може да се предвиди камен нафрлан во бетонот или шуплина која се исполнува со материјал добиен од ископот.

Шуплината од став 1 на овој член озгора мора да се покрие со бетонска плоча дебелина 5 до 10 cm, со горната површина во наклонот — заради истекување на вода.

Член 402

Бетонски темели без арматура треба да се бетонираат одеднаш без прекин, освен ако горниот

и долниот дел меѓусебно прописно се поврзат со соодветна арматура.

Член 403

Темелите за челични столбови мораат да бидат најмалку 20 cm повисоки од теренот, а горната површина на темелите мора да биде обработена така што на неа да не се задржува вода и деловите на столбот над темелите да не го спречуваат истекувањето на вода.

Член 404

Во плавните подрачја темелите треба да се пресметаат за највисоката вода која просечно се јавува во период од 10 години.

За решеткави столбови конструкцијата на столбот треба да се заштити од оштетување со пловечки предмети, и тоа до височина од 50 cm над регистрираната највисока вода во период од 10 години Ако на плавното подрачје во период од 10 последни години се појавил и мраз, на столбот треба да му се даде погоден облик за да се заштити од натрупување на мраз.

Член 405

Бетонските темели не треба да се малтерисуваат ниту да се обработува нивната површина, но видливите делови мораат да бидат мазни.

Член 406

Ако бетонските темели се изработуваат во мочуришта или во инаку агресивна почва, мораат да се применат соодветните мерки заради спречување на штетното дејство на таквата почва или на таквата вода врз бетонот. Природата на агресивноста треба да се утврди со испитување на почвата односно на водата и според тоа да се одредат потребните мерки на заштита.

Член 407

Ако фундирањето на столбот се врши со плочи, прагови и сл., а делот на челичниот столб во почвата не е обложен со бетон, челичните делови што лежат во почвата мораат да се премачкаат со врел асфалт или да се заштитат на друг начин од 'рosување. Дрвените прагови мораат да бидат импрегнирани со средство што штити од гниење или мораат на друг начин да се заштитат од уништување, ако не се наоѓаат постојано под кота на подземна вода или ако според својата природа не даваат доволен отпор на разурнување.

Член 408

Затрупаната земја над темелните плочи, прагови и сл. околу темелите, треба цврсто да се набива во пластови од по најмногу 30 cm. При израмнувањето на површината треба да се земе предвид дополнителното сталожување на насипаната почва.

XIV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 409

Надземните електроенергетски водови за кои е издадено одобрение за изградба пред денот на влегувањето во сила на овој правилник, можат да се изградат според инвестиционо-техничката документација врз основа на која е дадено одобрението за нивната изградба.

Член 410

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат Техничките прописи за градба на надземни електроенергетски водови (Додаток на „Службен лист на СФРЈ“, бр. 24/67), кои се составен дел на Правилникот за техничките мерки за изградба на надземни електроенергетски водови („Службен лист на СФРЈ“, бр. 24/67 и 27/68) и Правилникот за техничките мерки за изградба на надземни електроенергетски водови со напон од 380 kV („Службен лист на СФРЈ“, бр. 13/69).

Член 411

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

10 — бр. 1526/2
13 јули 1973 година
Белград

Сојузен секретар
за стопанство,
Бошко Димитриевиќ, с. р.

707.

Врз основа на член 397 став 3 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ“, бр. 22/73), сојузниот секретар за финансии пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА НАЧИНОТ НА ПРОДАЖБАТА НА ЦАРИНСКИТЕ СТОКИ И ЗА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА ДОБИЕНИ СО ПРОДАЖБАТА НА ТИЕ СТОКИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на продажбата на царинските стоки и распоредот на средствата добиени со продажбата на тие стоки, и тоа за:

1) стоки што железничката станица ќ ги предала на царинарницата како вишок (член 87 став 3 од Царинскиот закон);

2) напуштени моторни возила со странска регистрација (член 100 став 4 и член 101 став 2 од Царинскиот закон);

3) стоки чиј увоз е забранет (член 205 од Царинскиот закон);

4) стоки чиј рок за лежење истекол (член 229 од Царинскиот закон);

5) стоки предадени на царинарницата на слободно располагање (член 279 став 3 од Царинскиот закон);

6) привремено увезени оштетени стоки предадени на царинарницата (член 324 став 3 од Царинскиот закон);

7) стоки од поштенски пратки што испраќачот не сака да ги прими (член 344 став 2 од Царинскиот закон);

8) стоки одземени во прекршочна постапка.

Член 2

Врз основа на евиденцијата што ја води за стоките што се наоѓаат под царински надзор (член 206 од Царинскиот закон), царинарницата составува списоци на стоките (по видови, трговски назив и количина) за стоките од член 1 од овој правилник за кои се стекнале услови да бидат изложени на продажба, одвоено по основите според кои се предадени, одземени или на друг начин преземени од страна на царинарницата.

Член 3

За прегледот, мерењето и проценувањето на стоките по списоците од член 2 на овој правилник, како и за проверувањето дали се стекнале услови за продажбата на тие стоки, царинарницата формира комисија од 3 члена.

Комисијата е должна да утврди дали стоките наведени во списоците одговараат на податоците од исправите според кои царинарницата стоките ги примила, одзела или на друг начин ги презела.

За својата работа комисијата составува записник. Ако утврди дека состојбата на стоките во поглед на квалитетот или количината не се согласува со податоците од наведените исправи, комисијата е должна тоа да го констатира во записник

Комисијата во записникот посебно констатира дека се стекнале условите предвидени со законот за излагање на стоките на продажба.

По извршениот преглед, мерење и проценување на вредноста на стоките, во соодветните рубрики на списоците од член 2 на овој правилник комисијата ја запишува утврдената вредност на стоките.

Ако во работата на комисијата учествува вештак, трошоците за вештачење се намируваат од средствата добиени со продажбата на стоките.

Член 4

При утврдувањето на вредноста на стоките во смисла на член 3 од овој правилник, комисијата ја зема предвид цената на такви или слични стоки на домашниот пазар, по одбивање на вообичаените трошоци на работењето во трговијата.

Член 5

Царинарницата може да му одобри на лицето на кое гласи превозната односно преносната исправа стоките чиј рок за лежење истекол (член 229 од Царинскиот закон) да ги подигне, при претходно царинење, до почетокот на јавната продажба.

Ако стоките не се продадат на првата јавна продажба, царинарницата може да дозволи подигање на стоките во смисла на став 1 од овој член, до почетокот на наредната јавна продажба.

Во случаите од ст. 1 и 2 на овој член, лицето што ги подига стоките е должно да ги плати и сите трошоци што царинарницата ги имала поради држењето, чувањето, превозот и проценката на стоките, објавувањето на јавната продажба, како и другите трошоци во врска со тие стоки.

Член 6

Продажбата на стоките од член 1 на овој правилник ја врши царинарницата кај која се наоѓаат стоките врз основа на списоците според кои е извршен прегледот, мерењето и проценувањето на вредноста на стоките и тоа по пат на јавна продажба.

Сојузната управа за царини може да одреди јавната продажба на стоките да се изврши во некое место надвор од седиштето на царинарницата или стоките да ѝ се упатат на друга царинарница заради продажба, ако смета дека на тој начин ќе се постигне поповолна цена.

Член 7

Јавната продажба се објавува во дневниот печат, и тоа најдоцна на 10 дена пред денот на јавната продажба.

Огласот за јавната продажба треба да содржи податоци за видот и за состојбата на стоките за почетната цена, за денот, часот и местото на одржувањето на јавната продажба, за височината и за начинот на полагањето кауција за учествување во јавната продажба, како и за денот, часот и местото на кое може да се разгледаат стоките што се излагаат на продажба.

Член 8

На јавната продажба можат да учествуваат физички и правни лица под услов да ја положат пропишаната кауција.

Член 9

Пред почетокот на јавната продажба, понудувачите се должни да положат кауција во износ од 10% од проценетата вредност на стоките. За извршената уплата на кауцијата понудувачите се должни да прибават исправа.

Член 10

Објавената вредност на стоките служи како почетна цена за јавната продажба.

Јавната продажба се заклучува ако за стоките ниту по третата покана не е понудена цена повисока од почетната цена

Член 11

Првата јавна продажба може да се одржи само ако на неа учествуваат најмалку 3 понудувачи.

Ако првата јавна продажба не успее, се закажува втора јавна продажба, која може да се одржи ако на неа учествуваат најмалку два понудувачи. Втората јавна продажба се објавува на истиот начин како и првата, со тоа што во огласот се назначува дека таа е втора јавна продажба.

Ако стоките не се продадат ниту на втората јавна продажба, продажбата може да се изврши по пат на непосредна погодба.

Член 12

За секоја јавна продажба се води записник во кој се внесуваат податоци за стоките, за почетната цена на стоките, за учесниците на наддавањето на јавната продажба, за поднесените понуди, за постигнатата продажна цена и за купувачот.

Записникот за јавната продажба го потпишуваат членовите на комисијата, купувачот и присутните понудувачи.

Записникот од став 2 на овој член се истакнува на огласната табла на царинарницата, во рок од 2 дена од денот на завршената продажба и мора да се наоѓа на огласната табла три дена од денот на истакнувањето, во кој рок учесниците на јавната продажба можат да поднесат приговор врз работата и постапката на комисијата.

За поднесениот приговор царинарницата донесува решение во рок од 3 дена од денот на поднесувањето на приговорот.

Член 13

Купувачот е должен купопродажната цена да ја уплати и стоките да ги преземе во рок од 5 дена од денот на извршената продажба односно од денот на окончувањето на постапката по поднесениот приговор.

Ако купувачот во рокот од став 1 на овој член не ја уплати купопродажната цена, го губи правото на враќање на кауцијата, која се внесува во буџетот на федерацијата како вонреден приход, а стоките повторно се излагаат на јавна продажба.

Член 14

По исклучок од одредбите на член 6 од овој правилник, царинарницата може да врши продажба на брзо расипливи стоки и на друг начин.

Член 15

Предмети од историска, археолошка, етнографска, културна и уметничка вредност не се излагаат на јавна продажба, туку му се предаваат на органот надлежен за заштита на спомениците на културата на републиката односно на автономната покраина од чија територија се таквите предмети

Потеклото на предметите од став 1 на овој член го утврдува организацијата за заштита на спомениците на културата чие седиште е на подрачјето на царинарницата кај која се наоѓа предметот

Член 16

Употребувани предмети на текстилната и кожената конфекција одземени во прекршочна постапка или отстапени на царинарницата без надоместок, можат да му се отстапат на Југословенскиот црвен крст, со наплата на трошоците за сместувањето, превозот и чувањето на стоките.

Член 17

Предметите за кои по комисиски пат ќе се утврди дека немаат комерцијална вредност или дека

можат штетно да дејствуваат врз здравјето или моралот (дроги, порнографски или пропагандни материјали и сл.), се уништуваат под царински надзор.

Член 18

Стоките што имаат комерцијална вредност само како суровини или отпадоци можат да се продадат со собирање на понуди.

Член 19

Средствата остварени со продажбата на стоките од член 397 на Царинскиот закон, освен стоките од член 398 на тој закон, се распоредуваат така што прво се намируваат сите трошоци (трошоците на превозот, трошоците на чувањето, трошоците на продажбата, лежаринатa и сл.), а остатокот се уплатува во корист на буџетот на федерацијата.

Член 20

Основица за пресметување на царините и на другите давачки за стоките од член 397 од Царинскиот закон е постигнатата продажна цена, намалена за настанатите трошоци, освен за моторните возила од чл. 100 и 101 од Царинскиот закон за кои како основица се зема вредноста на возилото според Листата на царинските основици за патничките автомобили, комиони, моторцикли и мопеди што југословенски и странски државјани ги увезуваат, внесуваат или примаат од странство, намалена за трошоците од член 19 на овој правилник.

Член 21

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува до 31 март 1974 година.

Бр. 3-11270/1
20 септември 1973 година
Белград

Заменик сојузен секретар
за финансии,
Божидар Радуновиќ, с. р.

708.

Врз основа на член 17, член 19 став 2 и член 21 став 3 од Законот за мерните единици и мерилата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 45/61 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 12/65 и 37/73), во согласност со сојузниот секретар за труд и социјална политика, сојузниот секретар за стопанство издава

НАРЕДБА

ЗА ИЗМЕНИ НА НАРЕДБАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ МЕРИЛА ШТО ПОДЛЕЖАТ НА ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ПРЕГЛЕД

1. Во Наредбата за определување мерила што подлежат на задолжителен преглед („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/69) во точка 1 под 8, алинеја шеста зборот: „установи" се заменува со зборот: „организации" на обете места.

2 Во точка 6 зборовите: „стопанските организации" се заменуваат со зборовите: „организациите на здружениот труд".

3 Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

10 број: 3535
18 септември 1973 година
Белград

Сојузен секретар
за стопанство,
Бошко Димитриевиќ, с. р.

709.

Врз основа на член 14 од Законот за мерните единици и мерилата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 45/61 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 12/65 и 37/73), сојузниот секретар за стопанство издава

НАРЕДБА

ЗА ИЗМЕНА НА НАРЕДБАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО УПОТРЕБУВАЊЕ НА МЕРНИТЕ ЕДИНИЦИ ЗА ЗАФАТНИНА ВО ПРОМЕТОТ НА АЛКОХОЛНИ ПИЈАЛОЦИ, БЕЗАЛКОХОЛНИ ПИЈАЧКИ И ОЦЕТ

1. Во Наредбата за задолжителното употребување на мерните единици за зафатнина во прометот на алкохолни пијалоци, безалкохолни пијачки и оцет („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/64), во точка 1 став 2 зборовите: „стопански организации" се заменуваат со зборовите: „организации на здружениот труд".

2. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

10 бр 3585
18 септември 1973 година
Белград

Сојузен секретар
за стопанство,
Бошко Димитриевиќ, с. р.

710.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

СПОГОДБА

ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА ТЕЛЕВИЗИСКИ ПРИЕМНИЦИ, ЗА АВТОМОБИЛСКИ РАДИОПРИЕМНИЦИ И ЗА НИВНИ ДЕЛОВИ

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите на 1 ноември 1972 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за телевизиски приемници, за автомобилски радиоприемници и за нивни делови, со тоа што производителските организации на здружениот труд да можат да ги зголемат своите постојни продажни цени, и тоа за:

1) телевизиски приемници, во просек до 12%
2) автомобилски радиоприемници, во просек до 12%
3) делови за телевизиски и автомобилски радиоприемници до 12%

при задржување на постојните услови на продажбата и според ценовниците што се составен дел на спогодбава.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат односно купуваат по цените и под условите што се предвидени со спогодбава.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 224/1 од 30 август 1973 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставници на производителите: „Чајавец" — Бања Лука, „Електронска индустрија" — Ниш, „Радиоиндустрија" — Загреб и „Горење" — Велење.

Претставници на купувачите-потрошувачи: „Радиоелектро" — Белград, Предузеќе робних кука „Београд" — Белград, „Инекс" — Белград, „Нови дом" — Белград, „Електрометал" — Белград, „Електротехна" — Белград, „Југоелектро" — Белград, „Електротехна" — Загреб, „Радиоелектро-центар" — Загреб, „Нама" — Загреб, „Феримпорт" — Загреб, „Југотехника" — Љубљана, „Ковинотехна" — Цеље, „Развитак" — Метковиќ, „Агровојводина" — Нови Сад, „Бродомеркур" — Сплит, „Метал" — Бања Лука, „Равниште" — Крушевац и „Техногвожѓар" — Нови Сад.

711.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставникот на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

СПОГОДБА

ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА КОНЗЕРВАТОРИ (САНДАЦИ ЗА ДЛАБОКО ЗАМРЗНУВАЊЕ)

1. Претставникот на производителите и претставниците на потрошувачите на 8 декември 1972 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за конзерватори (сандаци за длабоко замрзнување) со тоа што производителските организации на здружениот труд да можат да ги зголемат своите постојни продажни цени, така што највисоката продажна цена да изнесува за:

— конзерватор тип SGH 200	до 3.088 дин/парче
— конзерватор тип SGH 300	до 3.390 дин/парче
— конзерватор тип SGH 380	до 3.721 дин/парче

при условите на продажбата одредени во спогодбата, чиј оригинал се наоѓа во Стопанската комора на Југославија.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат односно купуваат по цените одредени со оваа спогодба и под условите на продажбата предвидени во спогодбата од точка 1 на оваа спогодба.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 186/2 од 31 август 1973 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставник на производителите: Лошке товарне хладилников — Шкофја Лока.

Претставници на купувачите — потрошувачи: Ера — Велење, Техномеркатор — Цеље, Југотехна — Љубљана, Ковинотехна — Цеље, Избира — Птуј, Савиња — Мозирје, Зарја — Марибор, Потрошник — Мурска Собота, Електротехна — Љубљана, Меркур — Крањ, Меркатор — Љубљана, Нама — Љубљана, Металка — Љубљана, Меркс — Цеље, Зарја — Јесенице, Колонијале — Марибор, АБЦ — Љубљана, Савињски магацин — Жалец и Мурка — Лесце.

712.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

СПОГОДБА

ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА ВЕЛОСИПЕДИ, ЗА МОПЕДИ, ЗА ЗАДНИ ГЛАВИНИ И ЗА НИВНИ ДЕЛОВИ

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите на 10 јули 1973 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за велосипеди, за мопеди, за задни главини и за нивни делови, така што производителските организации на здружениот труд да можат да ги зголемат своите постојни продажни цени, при постојните услови на продажбата, и тоа за:

1) склопувачки велосипед	до 10,9%	
2) туристички — спортски велосипед	до 10,9%	
3) велосипед со помошен мотор	до 10,9%	
4) мопеди	до 10,9%	
5) делови за производи од одредбите под 1 до 4 од оваа точка	до 10,9%	
6) задна главина за велосипед „Маратон"	до 61,82	дин/парче
7) делови на задна главина за велосипед „Маратон" во паритет со цената од одредбите под 6 на оваа точка.		

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат односно купуваат по цените и под условите што се предвидени со спогодбава.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 451/2 од 14 септември 1973 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставници на производителите: „Унис-Рог" — Љубљана, „Томос" — Копер, „Омега" — Нови Сад, и „Унис творнице" — Бугојно.

Претставници на купувачите-потрошувачи: „Словенијаавто" — Љубљана, „Волан" — Љубљана, „Аутохрватска" — Загреб, „Металиакомерц" — Загреб, „Аутомо" — Риека, „Метал" — — Бања Лука, „Југобицикл" — Белград, „Аутосрбија" — Лесковац, Аутокуќа „Шумадија" — Белград, „Југоаграр" — Нови Сад, „Техногвожѓар" — Нови Сад, „Метеор" — Суботица, „Аутославонија" — Осиек, „Аутомакедонија" — Скопје, „Ловац" — Белград и „Ловац" — Ниш.

713.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставниците на производителите и претставниците на потрушувачите склучуваат

СПОГОДБА

ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА МЕТАЛНИ САДОВИ, ЗА ПРИБОР ЗА ЈАДЕЊЕ, ЗА ТРПЕЗНИ УГОСТИТЕЛСКИ САДОВИ И ЗА НОЖАРСКИ ПРОИЗВОДИ

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите на 28 јуни 1973 го-

дина склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за метални садови, за прибор за јадење, за трпезни угостителски садови и за ножарски производи, така што производителските организации на здружениот труд да можат да ги зголемат своите постојни продажни цени, при постојните услови на продажбата, и тоа за:

1)	емајлирани садови	до 16%
2)	поцинкувани и други садови (од бел лим, не'рѓосувачки бакарно калаисани, месингано калаисани)	до 20%
3)	алуминиумски садови	до 16%
4)	не'рѓосувачки прибор за јадење	до 17,6%
5)	хромиран прибор за јадење	до 17,6%
6)	трпезни угостителски садови	до 18,4%
7)	џебни ножови	до 14,4%
8)	кујнски ножови	до 15,2%
9)	месарски ножови	до 16,8%
10)	спортски ножови	до 16,8%
11)	ножици за домаќинство и занаетчиство	до 20%
12)	сатари	до 16%

2 Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат односно купуваат по цените и под условите предвидени со спогодбава.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 448/2 од 2 септември 1973 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставници на производителите: „Јединство" — Бачка Паланка, „Металија" — Суботица, „Борис Кидрич" — Струга, „Металац" — Горњи Милановац, „Горица" — Загреб, „Емо" — Цеље, „Рад" — Белград, „Кордун" — Карловац, „Братство" — Охрид, „Импа" Земун, „Искра" — Ада и „Фамипа" — Призрен.

Претставници на купувачите-потрошувачи: „Металургија" — Смедерево, „Задранка" — Задар, „Панонија" — Птуј, „Тргопромет" — Суботица, „Феримпорт — Железар" — Осиек, „Метеор" — Суботица, „Тргопромет" — Панчево, „ОТП" — Осиек, „Центроколонијал" — Скопје, „Нова Трговија" — Битола, „Угобиро" — Белград, „Фероелектро" — Сараево, „Меркур-импорт" — Скопје, „ОТП" — Загреб, „Стекло" — Љубљана, „Центромеркур" — Љубљана", „Емона" — Љубљана, „Металка" — Љубљана, „Меркур" — Крањ, „Ковинотехна" — Цеље, „Нама" — Загреб, „Феримпорт" — Загреб, „ОТП" — Карловац, „Тргопромет" — Загреб, „Јеклотехна — Марибор, „Техномеркатор" — Цеље, „Жељпох" — Загреб, „Техномеркур" — Карловац, „Бродокомерц" — Риека, „Далма" — Сплит, „Развитак" — Метковиќ, „Ангропромет" — Сараево, „Метал" — Бања Лука, „Техногвожѓар" — Нови Сад, „Електрометал" — Белград, „Центропром" — Белград, „Ангропромет" — Ниш, „Техночелик" — Кралево, „Тргопромет" — Кралево, „Интерпромет" — Скопје, „Охридски магазин" — Охрид, „Славија" — Скопје, „Велетрговина" — Сараево, „Унима" — Сараево, „Кристалимпорт" — Белград, „Ангропромет" — Пожаревац, „Тргопромет" — Лесковац, „Партизан" — Чачак, и „Тргопромет" — Прокупле.

714.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставникот на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

СПОГОДБА

ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА ЛАБОРАТОРИСКО СТАКЛО, ЗА ТЕХНИЧКО СТАКЛО И ЗА СТАКЛЕН МОЗАИК

1. Претставникот на производителите и претставниците на потрошувачите на 6 август 1973 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за лабораториско стакло, за техничко стакло и за стаклен мозаик, со тоа што производителските организации на здруженият труд да можат да ги зголемат своите постојни продажни цени, при задржување на постојните услови на продажбата, и тоа за:

1)	лабораториско стакло	до 16%
2)	техничко стакло	до 14,4%
3)	стаклен мозаик, и тоа за:	

Производ	А-12	А-13	А-15	А-21	А-22	А-23	А-25	А-26
Дин/m² до	65.30	61.20	61.20	77 50	61.20	61.20	77,50	77.50

Производ	А-32	А-33	А-35	А-36	А-37	А-39	А-42-	А-97
Дин/m² до	61.20	61.20	77.50	77.50	61.20	77,50	77,50	65,30

Производ	В-10	В-49	В-51	В-56	В-57	В-58	В-86	В-91
Дин/m² до	61.20	65.30	77 50	65.30	89,80	89.80	65,30	65,30

Производ	С-65	Е-77	F-82	Н-80	В-16	С-65-С
Дин/m² до	99.30	115.60	183,60	353,60	61,20	74.80

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат односно купуваат по цените и под условите предвидени со спогодбава.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 145/3 од 6 септември 1973 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставник на производителите: „Творница лабораторијског стакла „Борис Кидрич" — Пула.

Претставници на купувачите-потрошувачи: „Ветпром" — Белград, „Југолабораторија" — Белград, „Југолек" — Белград, „Неимар" — Белград, „Електротехна" — Белград, „Центропром" — Белград и „Истра" — Пула.

715.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

СПОГОДБА

